# ГЛАСИЛО
# GAZETË

Септември 2023
Shtator 2023



## ЗЕЛС

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## BNJVL

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT



Почитувани,

Кон крајот на септември, ЗЕЛС достави барање до претседателот на Собранието на РСМ и до сите координатори на пратеничките групи при разгледувањето на ребалансот на Буџетот на државата да се заложат за обезбедување на доволно средства за финансирање на противпожарната заштита, која преку територијалните противпожарни единици е во надлежност на единиците на локалната самоуправа. Особено, да се обезбедат потребните средства за покачувањето на платите на пожарникарите од 10 %, што е изоставено во оваа наменска дотација. По тој повод, претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, оствари средба и со министерот за финансии на РСМ, кој гарантираше дека ќе бидат обезбедени 60 милиони денари за покачување на платите на пожарникарите. На средбата, присутните беа информирани дека со измените во Законот за буџети, од 1 јануари 2024 година, општините ќе одлучуваат самостојно при вработувањето на нови лица во сите децентрализирани надлежности.

Поврзани со финансирањето на општините се и темите на состаноците на Комисијата за следење на развојот на системот на финансирање на единиците на локалната самоуправа. На почетокот на септември беа разгледани предлог-уредбите за блок дотациите за детските градинки, за старските домови и за културата. Дел од коментарите одеа во насока дека на општините треба да им се даде поголема самостојност во управувањето со средствата од блок дотациите, како и дека не смее да се дозволи Владата да ги усвојува методологиите за блок дотациите, без претходна согласност од Комисијата.

ЗЕЛС, како акредитиран Технички секретаријат за нашата земја за Програмата за сертификација на градови и на општини со поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа (БФЦ СЕЕ), во септември, во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот организираше тестирање на знаењата на кандидати за стекнување со лиценца за БФЦ СЕЕ евалуатор. Заинтересираните општини/градови од нашата земја и од регионот, кои досега не учествувале во Програмата на БФЦ СЕЕ, сè уште имаат можност да се пријаваат на јавниот повик што поставен на веб-страницата на ЗЕЛС https://zels.org.mk/newsd/5150.

Околу 30 претставници од шест пилот-општини од Пелагонискиот Регион и од Југозападниот Регион, вклучени во проектот „Одржливо управување со отпадот на локално ниво“ каде што ЗЕЛС е еден од партнерите, учествуваа на работилница за подготвување на изработка на Локален акциски план за управување со отпад. Во рамките на проектот „Зајакнување на општинските совети – Фаза 2“ беше спроведена работилница за општинските советници кои се членови на Тематската работна група за јавни дејности. „Инвестиции во зелена инфраструктура“ беше главната тема на јавниот настан на Форумот за граѓанско општество на Берлинскиот процес за „Клима и зелена агенда“, што во септември се одржа во Скопје. Во рамките на поттемата „Доброто владеење во животната средина“, претставникот од ЗЕЛС нагласи дека ако седумдесет проценти од активностите предвидени во европското законодавство за животна средина и зелена енергија треба да бидат имплементирани на локално ниво, тоа треба да значи и обезбедување на соодветни финансиски средства и подготвена општинска администрација, како и одлична заемна соработка меѓу локалната и централната власт при усогласување на потребите и можностите за успешна реализација. За овие и други активности на ЗЕЛС во септември ќе прочитате во ова издание на **Гласило** на ЗЕЛС.

Со почит,

Душица Перишиќ,
извршен директор на ЗЕЛС

Të nderuar,

Nga fundi i shtatorit, BNJVL dërgoi kërkesë drejtuar Kryetarit të RMV dhe të gjithë koordinatorëve të grupeve parlamentare gjatë shqyrtimit të rebalancit të Buxhetit të shtetit të synojnë për sigurimin e mjeteve të mjaftueshme për financimin e mbrojtjes zjarrfikëse, që përmes njësive territoriale zjarrfikëse është në kompetencë të njësive të vetëqeverisjes lokale. Veçanërisht të sigurohen mjetet e nevojshme për rritjen e pagave të zjarrfikësve prej 10%, që është lënë anash në këtë dotacion të dedikuar. Me këtë rast, kryetari i BNJVL-së Orce Gjorgjievski realizoi takim edhe me ministrin për financa të RMV, i cili garantoi se do të sigurohen 60 milionë denarë për rritjen e pagave të zjarrfikësve. Në takim, të pranishmit u informuan se me ndryshimet në Ligjin për buxhetet, nga 1 janari 2024, komunat do të vendosin në mënyrë të pavarur gjatë punësimit të personave të ri në të gjitha kompetencat e decentralizuara.

Lidhur me financimin e komunave janë edhe temat në mbledhjet e Komisionit për ndjekjen e zhvillimit të sistemit të financimit të njësive të vetëqeverisjes lokale. Në fillim të shtatorit u shqyrtuan propozim-rregulloret për bllok dotacionet për çerdhet për fëmijë, shtëpitë e të moshuarve dhe për kulturë. Një pjesë e komenteve u referoheshin komunave që duhet t'u jepet pavarësi më e madhe në menaxhimin me mjetet nga bllok dotacionet, si dhe se nuk guxon të lejohet qe Qeveria i miraton metodologjitë për bllok dotacione, pa pajtueshmëri paraprake nga Komisioni në fjalë.

BNJVL, si Sekretariat teknik i akredituar për vendin tonë për Programin për certifikim të qyteteve dhe të komunave me ambient të favorshëm për biznes në Evropën Juglindore (BFC SEE), në shtator, në hapësirat e Qendrës së trajnimeve të BNJVL-së, realizoi testim të diturive të kandidatëve për të marrë licencën për evaluatorë për BFC SEE. Komunat e ineteresuara/qytetet nga vendi jonë dhe nga rajoni, të cilat deri më tani nuk kanë marrë pjesë në Programin BFC SEE, akoma kanë mundësi të paraqiten në thirrjen publike që është vendosur në ueb faqen e BNJVL-së https://zels.org.mk/newsd/5150 .

Rreth 30 përfaqësues nga gjashtë pilot-komunat nga Rajoni i Pellagonisë dhe nga Rajoni Jugperëndimor, të përfshirë në projektin „Menaxhim i qëndrueshëm me mbeturinat në nivel lokal" ku BNJVL është edhe një ndër partnerët, morrën pjesë në punëtorinë për përpilimin e Planit aksional lokal për menaxhim me mbeturinat. Në kuadër të projektit „Përforcim i këshillave komunale – Faza 2" u zbatua punëtori për këshilltarët komunalë të cilët janë anëtarë të Grupit punues tematik për veprimtari publike. „Investimet në infrastrukturën e gjelbër" ishte tema kryesore e ngjarjes publike të Forumit për shoqëritë civile të Procesit të Berlinit me temë „Klima dhe agjenda e gjelbër", që u mbajt në Shkup në shtator. Në nëntemën „Qeverisja e mirë në mjedis", përfaqësuesi i BNJVL-së theksoi se nëse shtatëdhjetë për qind nga aktivitetet e parapara me legjislacionin evropian për mjedisin jetësor dhe energjinë e gjelbër duhet të realizohen në nivel lokal, kjo do të thotë edhe sigurimi i burimeve adekuate financiare dhe administrata e përgatitur komunale, si dhe bashkëpunimi i shkëlqyer i ndërsjellë ndërmjet pushtetit lokal dhe atij qendror në harmonizimin e nevojave dhe mundësive për zbatim të suksesshëm. Për këto dhe aktivitete të tjera të BNJVL-së do të lexoni në shtator në këtë numër të Gazetës së BNJVL-së.

Me respekt,

Dushica Perishiq
drejtor ekzekutiv i BNJVL-së


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
тел. +389 (0) 2 30 99 033, факс: +389 (0) 2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
**Извршен директор на ЗЕЛС:**
Душица Перишиќ
**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**
Ардита Дема-Мехмети
**Подготвила:**
Весна Арсовска-Динковска
**Превод:** Арта Абази
**Лекторирал:** Валентина Великова
**Дизајн и подготовка и печатење:** Европа 92

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
tel. +389 (0) 2 30 99 033, faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. „ Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32,
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Dushica Perishiq
**Zëvendes drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Ardita Dema - Mehmeti
**Përgatiti:**
Vesna Arsovska - Dinkovska
**Përkthim:** Arta Abazi
**Lektoron:** Valentina Velikova
**Dizajnim dhe përgatitje shtyp:** Evropa 92

## ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ШЕСТЕ ПИЛОТ-ОПШТИНИ ОД ПРОЕКТОТ „ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ НА ЛОКАЛНО НИВО“ СЕ ПОДГОТВУВАА ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Околу 30 претставници од шест пилот-општини од Пелагонискиот Регион и од Југозападниот Регион, вклучени во проектот „Одржливо управување со отпадот на локално ниво“ учествуваа на работилницата што се одржа на 11 и на 12 септември, во хотел „Изгрев“ во Струга. Целта е претставниците од овие општини да се подготват за изработка на локален акциски план за управување со отпад. На работилницата присутните имаа можност преку презентации и практична работа, во групи, да ги локализираат приоритетите и целите на Оперативниот регионален план за двата региона (2023 - 2025 година) во насока на изработка на првична верзија на локален акциски план за управување со отпад, од страна на секоја општина.

Станува збор за претставници од општините: Битола, Прилеп, Новаци, Охрид, Кичево и Пласница (од Југозападниот и Пелагонискиот Регион) што во следните четири години ќе учествуваат во имплементација на проектот „Одрживо управување со отпадот на локално ниво“ и ќе добијат поддршка за да го унапредат општинското работење при управувањето со отпадот во насока на создавање на чиста и безбедна средина за луѓето. Овие општини, во јуни, оваа година, потпишаа меморандуми за соработка со партнерите на проектот: ЗЕЛС, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за локална самоуправа, како и со САЛАР Интернационал (дел од Шведската асоцијација на локални и регионални власти -САЛАР). Проектот е финансиран од Шведската агенција за меѓународна

## PËRFAQËSUESIT E GJASHTË PILOT-KOMUNAVE NGA PROJEKTI ,,MENAXHIM I QËNDRUESHËM ME MBETURINAT NË NIVEL LOKAL” U PËRGATITËN PËR PËRPILIMIN E PLANIT AKSIONAL PËR MENAXHIM ME MBETURINAT

Rreth 30 përfaqësues nga gjashtë pilot komunat nga Rajoni i Pellagonisë dhe nga Rajoni Jugperëndimor, të përfshirë në projektin ,,Menaxhim i qëndrueshëm me mbeturinat në nivel lokal” morën pjesë në punëtorinë që u mbajt më 11 dhe 12 shtator, në hotelin ,,Izgrev” në Strugë. Qëllimi i kësaj punëtorie është që përfaqësuesit e këtyre komunave të përgatiten për përpilimin e planit aksional për menaxhim me mbeturinat. Në punëtori, të pranishmit patën mundësinë përmes prezantimeve dhe punës praktike në grupe të lokalizojnë prioritetet dhe qëllimet e Planit Rajonal Operativ për këto dy rajone (2023-2025) në drejtim të krijimit të një versioni fillestar të planit aksional lokal për menaxhimin e mbeturinave, nga ana e çdo komune.

Bëhet fjalë për përfaqësuesit e komunave: Manastiri, Prilepi, Novaci, Ohri, Kërçova dhe Pllasnica (nga Rajoni Jugperëndimor dhe Rajoni i Pellagonisë) që në katër vitet e ardhshme do të marrin pjesë në implementimin e projektit ,,Menaxhim i qëndrueshëm me mbeturinat në nivel lokal “. Këto komuna në muajin qershor të këtij viti firmosën memorandum për bashkëpunim me partnerët e projektit: BNJVL, Ministria për mjedis jetësor dhe planifikim hapësinor, Ministria për vetëqeverisje, si dhe me SALAR Internacional (një pjesë nga Asociacioni Suedez i pushteteve lokale dhe rajonale SALAR). Projekti financohet nga Agjencia e Suedisë për bashkëpunim






соработка и развој (СИДА). По потпишувањето на меморандумите, започнат е и процесот на имплементација на проектот на локално ниво.

**Општините - клучни актери во управувањето и минимизирањето на отпадот во земјата**

На работилницата беше нагласено дека општините се клучните актери во управувањето и минимизирањето на отпадот во земјата и дека имаат значајна улога во исполнувањето на општите цели на Националниот план за управување со отпад. Во рамките на проектот „Одржливо управување со отпадот на локално ниво", обезбедена е и оперативна верзија на Регионалниот план за управување со отпад. Во публикуваната оперативна верзија, посочено е дека националните цели и задачи за одржливо управување со отпадот во нашата земја, наведени во Стратегијата за управување со отпад (2008 - 2020 година) ја одразуваат заеднички договорената национална политика за управување со отпадот и претставува основа за подготовка и имплементација на интегриран и економичен систем во оваа област. Фокусот првенствено е ставен на управувањето со проблемите со отпадот и на оптимално користење на ресурсите за да се спречи и ублажи негативното влијание на отпадот врз животната средина. Тоа се отсликува и во регионалните планови за управување со отпад за Пелагонискиот и за Југозападниот Регион (РПУО од 2016 година), подготвени во согласност со Законот за управување со отпад од 2012 година и соодветните подзаконски акти, со плански опфат од 10 години (до 2025 година). Новиот Закон за управување со отпад од 2021 година предвидува нов шестгодишен план со среднорочна ревизија по првите три години.

**Двата региона во 2021 година генерирале над 270 000 тони отпад**

Како и во другите региони во државата, услугите за собирање отпад во Пелагонискиот и Југозападниот Регион ги обезбедуваат јавните комунални претпријатија.




ndërkombëtar dhe zhvillim SIDA. Pas firmosjes së memorandumit ka filluar edhe procesi i implementimit të projektit në nivel lokal.

**Komunat – aktorët kryesorë në menaxhimin dhe minimizimin e mbeturinave në vend**

Në punëtori u theksua se komunat janë aktorët kryesorë në menaxhimin dhe minimizimin e mbeturinave në vend dhe se kanë rol të rëndësishëm në plotësimin e qëllimeve kryesore të Planit nacional për menaxhim me mbeturinat. Në kuadër të Projektit "Menaxhimi i qëndrueshëm i mbeturinave në nivel lokal", është ofruar një version operacional i Planit Rajonal për menaxhimin e mbeturinave. Në versionin operacional të publikuar, theksohet se synimet dhe detyrat kombëtare për menaxhimin e qëndrueshëm të mbeturinave në vendin tonë, të renditura në Strategjinë për menaxhim me mbeturinat (2008-2020), pasqyrojnë politikën nacionale të menaxhimit të mbeturinave mbi të cilën janë dakorduar bashkërisht dhe përfaqësojnë bazën e përgatitjes dhe zbatimin e një sistemi të integruar dhe ekonomik në këtë lëmi. Fokusi kryesisht është në menaxhimin e problemeve të mbeturinave dhe përdorimin optimal të burimeve për të parandaluar dhe zbutur ndikimin negativ të mbeturinave në mjedisin jetësor. Kjo pasqyrohet edhe në planet rajonale për menaxhimin e mbeturinave për Rajonin e Pellagonisë dhe Rajonin Jugperëndimore (PRMM nga viti 2016), të përgatitura në përputhje me Ligjin për menaxhim të mbeturinave të vitit 2012 dhe aktet nënligjore përkatëse, me një përfshirje planore 10 vjeçare (deri në vitin 2025). Ligji i ri për Menaxhimin e mbeturinave i vitit 2021 parashikon një plan të ri gjashtëvjeçar me një revizion afatmesëm pas tre viteve të para.

**Dy rajonet në vitin 2021 kanë gjeneruar mbi 270.000 ton mbeturina**

Ashtu si në rajonet e tjera të vendit, shërbimet e mbledhjes së mbeturinavenë Rajonin e Pellagonisë dhe në Rajonin Jugperëndimit ofrohen nga ndërmarrjet komunale publike.

Според достапните податоци, двата региона во 2021 година генерирале над 270 000 тони отпад, каде 80 % од населението е дел од системот за собирање комунален цврст отпад. Според државната статистика, 99,7 % од собраниот отпад во земјава завршува на депонии или ѓубришта. Во таа насока, на работилницата беше нагласено развивањето на локален акциски план (ЛАП) за секоја општина, со јасно дефинирање на активности за период од две години, а потоа фокусот беше ставен на методологиите за креирање на ЛАП; разгледување на можностите за меѓуопштинска соработка и на обезбедување на комуникациски план и вклучување на засегнатите страни.

**Изградба на регионална депонија и затворање на ѓубриштата - приоритет за квалитетно управување со отпадот**

Беше нагласено дека општинските напори во управувањето со отпадот, во согласност со националниот и со регионалните планови за управување на отпад, треба да бидат насочени и да обезбедат поддршка кон остварување на повеќе приоритети меѓу кои: да се зголеми покриеноста со услуги за собирање и транспорт на отпад; да се преземат мерки за исполнување на националните цели за селектиран и рециклиран отпад, како и да се обезбеди поддршка при отстранувањето на органскиот отпад од депониите. Изградба на регионална депонија и формирање регионално комунално претпријатие, како и затворање на ѓубриштата и создавање чиста средина се неопходни за квалитетно управување со отпадот.

Sipas të dhënave të disponueshme, të dy rajonet gjeneruan mbi 270,000 ton mbeturina në vitin 2021, ku 80% e popullsisë është pjesë e sistemit të mbledhjes së mbeturinave të ngurta komunale. Sipas statistikave shtetërore, 99.7% e mbeturinave të mbledhura në vend, përfundojnë në deponi ose vende për mbeturinat. Në këtë drejtim, në punëtorinë në fjalë, u theksua zhvillimi i Planit aksional lokal (PAL) për çdo komunë, me përcaktim të qartë të aktiviteteve për një periudhë dyvjeçare dhe më pas fokusi u vendos në metodologjitë për krijimin e PAL; shqyrtimi i mundësive për bashkëpunim ndërkomunal dhe sigurimi i planit për komunikim dhe përfshirja e palëve të tanguara.

**Ndërtimi i deponisë rajonale dhe mbyllja e vendeve për deponitë e plehrave prioritet për menaxhim më cilësor me mbeturinat**

U theksua se përpjekjet komunale në menaxhimin me mbeturinat, konform planeve nacionale dhe rajonale për menaxhimin me mbeturinat duhet të jenë të drejtuara dhe të sigurojnë përkrahjen drejt realizimit të prioriteteve të shumta midis të cilave: të rritet mbulimi i shërbimeve për mbledhjen dhe transportin e mbeturinave; të ndërmerren masa për plotësimin e qëllimeve nacionale lidhur me mbeturinat e selektuara dhe të recikluara, si dhe të sigurohet përkrahje gjatë realizimit të mbeturinave organike nga deponitë. Ndërtimi i deponisë rajonale dhe formimi i ndërmarrjeve komunale rajonale, si dhe mbyllja e vendeve për deponimin e plehrave dhe krijimi i mjedisit të pastër, janë të domosdoshme për menaxhim cilësor me mbeturinat.

## ЗЕЛС ЌЕ ПОДГОТВИ АНАЛИЗА И ПРЕПОРАКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОЛИТИКИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО

Во следниот период, во рамките на проектот „Регионална соработка за подобра социјална инклузија на локално ниво“, ЗЕЛС ќе подготви анализа на состојбите поврзани со креирањето на соодветни политики, услови и услуги за обезбедување на социјална вклученост во единиците на локалната самоуправа во нашата земја. Од особена важност е што во анализата ќе бидат дадени препораки за подобрување на локалните и на националните политики за социјална вклученост на граѓаните. Притоа, посебно внимание ќе биде посветено на унапредувањето на мандатот на општините во рамките на правната и институционална рамка за социјална заштита и социјална инклузија. Во таа насока, ЗЕЛС ќе спроведе истражување, каде преку соодветна методологија ќе обезбеди релевантни податоци за актуелните состојби и предизвици на локалните самоуправи во оваа област, законските можности и спроведените активности, при што ќе се земе предвид и улогата на ЗЕЛС и нејзините капацитети за натамошна поддршка на локалните власти за обезбедување на одредени промени во согласност со утврдените препораки. Проектот предвидува и обезбедување поддршка за имплементирање на една од утврдените приоритетни препораки од анализата.

Социјалната инклузија, всушност, претставува тенденција да им се овозможи на луѓето во ризик од сиромаштија или социјално исклучување да имаат

## BNJVL DO TË PËRPILOJË ANALIZË DHE REKOMANDIME PËR PËRMIRËSIMIN E POLITIKAVE PËR INKLUZION SOCIAL NË NIVEL LOKAL

BNJVL në periudhën e ardhshme, në kuadër të projektit „Bashkëpunim rajonal për inkluzion të mirëfilltë social në nivel lokal” do të përpilojë analizë të gjendjeve lidhur me krijimin e politikave adekuate , kushteve dhe shërbimeve për sigurimin e inkluzionit social në njësitë e vetëqeverisjes lokale në vendin tonë. Tejet e rëndësishme është që në analizë do të jepen rekomandime për përmirësimin e politikave lokale dhe nacionale për inkluzionin social të qytetarëve. Duke vepruar në këtë mënyrë, vëmendje e veçantë do t'i kushtohet promovimit të mandatit të komunave brenda kornizës ligjore dhe institucionale për mbrojtjen sociale dhe inkluzionin social. Në këtë drejtim, BNJVL do të bëjë një hulumtim, ku përmes metodologjisë përkatëse do të ofrojë të dhëna relevante për kushtet dhe sfidat aktuale të pushtetit lokal në këtë fushë, mundësitë ligjore, aktivitetet e realizuara, duke marrë parasysh rolin e BNJVL-së dhe kapacitetet e saj për mbështetje të mëtutjeshme të pushteteve lokale për të siguruar ndryshime të caktuara në përputhje me rekomandimet e përcaktuara. Projekti gjithashtu ofron mbështetje për zbatimin e një prej rekomandimeve prioritare të përcaktuara nga analiza.

Inkluzioni social është në të vërtetë tendenca për t'u mundësuar njerëzve në rrezik të varfërisë ose përjashtimit social që të kenë mundësinë për të marrë pjesë në jetën

можност целосно да учествуваат во социјалниот живот, за да можат да уживаат во адекватен животен стандард. Социјалната инклузија е особено наменета за луѓето или групите луѓе што се наоѓаат во ситуации на лишување, сегрегација или маргинализација. Целта на социјалното вклучување е токму сеопфатно подобрување на условите за живот на поединците, да им бидат понудени истите можности за образование, вработување, социјална, правна и друга заштита, што ги ужива остатокот од општеството.

**Формирана регионална работна група за социјална инклузија и миграција**

Во рамките на овој проект се формираше регионална работна група за социјална инклузија и миграција, каде ЗЕЛС има свој претставник. Целта е дејствување во насока на унапредување на социјалната инклузија и вклученоста на асоцијациите на локалните власти во овој домен и подобрени национални и локални политики и примери кои промовираат социјално и економско вклучување на ранливите групи. Оваа иницијатива се стреми да им обезбеди поддршка на општините и асоцијациите на локалните власти во Србија, Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Косово и Албанија. Во работната група членуваат и претставници на асоцијациите на локалните власти и од други држави од Југоисточна Европа. Првиот состанок на групата се одржа од 12 до 13 септември 2023 година, во нашата земја, во Маврово.

**Јакнење на капацитетите на ЕЛС**

Во претходната фаза од реализацијата на овој проект, вкупно 25 лица од нашата земја успешно го завршија курсот за социјално мапирање, според принципот „Никој да не биде изоставен. Поточно, 21 лице од нив се претставници од општините, а 4 лица се претставници од здруженија на граѓани – даватели на социјални услуги во единиците на локалната самоуправа. Сите ќе се стекнат со сертификат за успешно завршен курс. Целта на обуката беше да се зајакнат капацитетите на општините за идентификување на проблемите и потребите на ранливите лица, како и идентификување на бариерите за пристап до социоекономските ресурси во заедницата.

Проектот „Регионална соработка за подобра социјална инклузија на локално ниво“, го имплементира Мрежата на асоцијации на локалните власти на ЈИЕ - НАЛАС и асоцијациите на локалните власти од Западен Балкан. Проектот се спроведува во соработка со ГИЗ (Германско друштво за интернационална соработка) во името на Сојузното министерство за економска соработка и развој (БМЗ).

shoqërore, në mënyrë që ata të gëzojnë një standard të përshtatshëm jetese. Inkluzioni social ka të bëjë veçanërisht me njerëzit ose grupet e njerëzve që e gjejnë veten në situata privimi, segregimi ose margjinalizimi. Qëllimi i përfshirjes sociale është pikërisht përmirësimi i gjithanshëm i kushteve të jetesës së individëve, për t'u ofruar atyre të njëjtat mundësi për arsimim, punësim, mbrojtje sociale, ligjore e dhe mbrojtje të llojeve të ndryshmet, që gëzon pjesa tjetër e shoqërisë.

**U formua grup rajonal punues për inkluzion social dhe migrim**

Në kuadër të këtij projekti është formuar grupi punues rajonal për inkluzion social dhe migrim, ku BNJVL ka përfaqësuesin e saj. Qëllimi është të veprohet në drejtim të promovimit të përfshirjes sociale dhe përfshirjes së asociacioneve të pushtetit lokal në fushën e inkluzionit social dhe përmirësimin e politikave dhe praktikave nacionale dhe lokale që nxisin përfshirjen sociale dhe ekonomike të grupeve të ndjeshme. Kjo nismë synon të ofrojë mbështetje për komunat dhe shoqatat e pushteteve lokale në Serbi, Bosnjë dhe Hercegovinë, Maqedoninë e Veriut, Kosovë dhe Shqipëri. Në grupin punues janë anëtarësuar edhe përfaqësues të asociacioneve të pushteteve lokale edhe nga vende të tjera të Evropës Juglindore. Mbledhja e parë e grupit u mbajt nga 12 deri më 13 shtator 2023, në vendin tonë, në Mavrovë.

**Përforcim i kapaciteteve të NJVL**

Në fazën paraprake nga realizimi i projektit në fjalë, gjithsej 25 persona nga vendi jonë me sukses përfunduan kursin për ЛНОБ rrjetëzim social. Më saktë, prej tyre 21 persona janë përfaqësues të komunave, ndërsa 4 janë përfaqësues të shoqatave civile – ofrues të shërbimeve sociale në njësitë e vetëqeverisjes lokale. Të gjithë do të marrin certifikatë për kursin e mbaruar. Qëllimi i trajnimit ishte të përforcohen kapacitetet e komunave për identifikimin e problemeve dhe nevojat e personave të rrezikuar, si dhe identifikimi i barrierave për qasje në resurset socio-ekonomike në bashkësi.

Projektin „Bashkëpunim rajonal për inkluzion social në nivel lokal”, e implementon Rrjeti i asociacioneve të pushteteve lokale të EJL – NALAS dhe asociacionet e pushteteve lokale nga Ballkani Perëndimor. Projekti zbatohet në bashkëpunim me GIZ - Shoqëria Gjermane për bashkëpunim internacional në emër të Ministrisë Federale për bashkëpunim ekonomik dhe zhvillim (BMZ).





# КОМИСИЈАТА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА СИСТЕМОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ИЗНЕСЕ НИЗА ПРЕДИЗВИЦИ ПОВРЗАНИ СО СРЕДСТВАТА ОД БЛОК ДОТАЦИИТЕ

Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, на 13 септември 2023 година, во просториите на ЗЕЛС, ја одржа 49-тата седница. Членовите на ова тело, составено од претставници од соодветните министерства, како и претставници од локалната власт во мнозински број, разгледаа неколку предлог-уредби за распределба на средствата за општините од блок дотациите за 2024 година. Станува збор за: Предлог-уредба за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотациите за јавните установи за деца-детските градинки и центрите за ран детски развој во состав на јавните детски градинки по општини, потоа за Предлог-уредба за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотациите за јавните установи за социјална заштита - домови за стари лица и Уредбата за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотациите од областа на културата.

На седницата, претставниците од локалната власт упатија забелешки за начинот на којшто Владата на РСМ веќе усвоила дел од предлог-уредбите, без претходно за нив да добие согласност од оваа Комисија. Тие изразија незадоволство бидејќи не се почитува една од поважните законски одредби за надлежностите на Комисијата. Односно, Владата ги разгледува предлог-уредбите за методологиите за блок дотациите за општините за следната година, само по претходна согласност за нив од страна на Комисијата за следење на системот за финансирање на единиците на локалната власт, што оваа година не беше случај за неколку од нив. Беше нагласено дека не смее да се дозволи улогата на оваа Комисија да се потценува и да се игнорира нејзината законска улога.

## Општините бараат поголема самостојност во управувањето со блок дотациите

Дел од коментарите во однос на предлог-уредбите одеа и во насока дека на општините треба да им се даде поголема самостојност во управувањето со средствата од блок дотациите. Претставниците од локалната власт посочија и на потребата за промени во одредени административни процедури поврзани со користењето на овие средства, посебно околу добивањето согласности од централната власт при вработување на наставен кадар во училиштата и градинките, за што претходно треба да се обезбеди одобрение од Министерството за финансии. Беа изнесени примери кога општината, од сопствени средства, изградила градинка, а сè уште не добива согласност за нови вработувања. Исто така, беше посочена и потребата од овозможување на поголема мобилност во распределбата на наставниот кадар од едно во друго училиште или општина. Овие

# KOMISIONI PËR NDJEKJEN E ZHVILLIMIT TË SISTEMIT TË FINANCIMIT TË NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE PARASHTROI NJË SËRË SFIDASH LIDHUR ME MJETET NGA BLLOK DOTACIONET

Komisioni për ndjekjen e zhvillimit të sistemit të financimit të njësive të vetëqeverisjes lokale, më 13 shtator, 2023, në hapësirat e BNJVL-së mbajti seancën e 49. Anëtarët e këtij trupi, të përbërë nga përfaqësuesit e ministrive përkatëse si dhe nga përfaqësuesit e pushtetit lokal, shqyrtuan disa propozim-rregullore për shpërndarjen e mjeteve për komunat nga bllok-dotacionet, për vitin 2024. Bëhet fjalë për: Propozim – Rregulloren për metodologjinë për përcaktim të kritereve për shpërndarjen e bllok-dotacioneve për institucionet publike për fëmijët – kopshtet për fëmijë dhe qendrat për zhvillim të hershëm të fëmijëve në përbërjen e kopshteve publike për fëmijë në kuadër të komunave, pastaj për Propozim-Rregulloren për metodologjinë për përcaktim të kritereve për shpërndarjen e bllok dotacioneve për mbrojtjen sociale – shtëpitë për të moshuarit dhe Rregullorja për metodologjinë për përcaktimin e kritereve për shpërndarjen e bllok-dotacioneve nga lëmia e kulturës.

Në seancë përfaqësuesit e pushtetit lokal dërguan vërejtjet e tyre lidhur me mënyrën me të cilën Qeveria e RMV tashmë e ka miratuar në pjesën e propozim-rregulloreve, pa marrë pajtueshmërinë e tyre paraprake nga ky Komision. Ata shprehën pakënaqësi për shkak se nuk respektohet një nga dispozitat më të rëndësishme ligjore për kompetencat e Komisionit. Domethënë, Qeveria po shqyrton propozim-rregulloret për metodologjitë e bllok-dotacioneve për komunat për vitin e ardhshëm, vetëm pas miratimit paraprak për to nga Komisioni i monitorimit të sistemit për financim të njësive të vetëqeverisjes lokal, gjë që këtë vit nuk ndodhi për disa prej tyre. U theksua se nuk duhet të lejohet të nënvlerësohet Komisioni dhe të injorohet roli i tij ligjor.

## Komunat kërkojnë pavarësi më të madhe për menaxhim me bllok dotacionet

Disa nga komentet në lidhje me rregulloret e propozuara kanë shkuar në drejtim që komunave t'u jepet një pavarësi më e madhe në menaxhimin e mjeteve nga bllok-dotacionet. Përfaqësuesit e pushtetit lokal theksuan gjithashtu nevojën për ndryshime në disa procedura administrative në lidhje me përdorimin e këtyre mjeteve, veçanërisht në pjesën e marrjes së pëlqimeve nga pushteti qendror, veçanërisht në punësimin e stafit mësimdhënës në shkolla dhe kopshte, për të cilat është e nevojshme të sigurohet miratimi paraprak nga Ministria për financa. Janë paraqitur shembuj kur komuna nga mjetet e veta ka ndërtuar një çerdhe, por akoma nuk ka marrë pëlqim për punësime të reja. Gjithashtu u theksua nevoja për të mundësuar mobilitet më të madh në shpërndarjen e kuadrit mësimor nga një shkollë apo komunë në tjetrën. Këto procedura në shumicën e rasteve janë afatgjata dhe të



постапки во најголем број случаи се долготрајни и непотребни и придонесуваат за намалена експедитивност на локалната власт во обезбедувањето на квалитетни услуги. Беше посочена и потребата за обезбедување на законски можности општината да спроведува одредени јавни набавки за поединечни училишта, од наједноставна причина што во одредени училишта има недостаток на лиценциран кадар за спроведување на овие постапки, а општината располага со доволно лиценцирани лица. Претставниците од централната власт најавија дека се подготвуваат законски измени во делот на управувањето со блок дотациите од страна на општините, што индиректно ќе обезбеди и промени во посочените постапки.

### Итна дебата за преземање на стратешки чекори за предизвиците околу недостатокот на домови за стари лица

При разгледувањето на Предлог-уредбата за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотациите за јавните установи за социјална заштита - домови за стари лица, претставниците од локалната власт ја нагласија потребата за итно посветување на сериозно внимание на прашањето за згрижување на старите лица. Тие нагласија дека централната власт, која располага со средствата за инфраструктура, досега, во ниту една општина нема изградено нов објект за оваа намена, а потребата на граѓаните за оваа услуга и тоа како е нагласена. Постојните старечки домови не се во добра инфраструктурна состојба, нивниот број е недоволен, а сè повеќе има и недостаток на соодветен кадар во овие установи. Беше нагласено дека средства за оваа намена треба значително да се зголемат и дека е потребно локалната и централната власт итно да дискутираат за потребата од структурално стратешко решавање на овој предизвик.

### Потребна е поголема децентрализација и во областа на културата

Претставниците од локалната власт, исто така, нагласија дека средствата од блок дотациите не се воопшто доволни за да можат општините квалитетно да ги спроведуваат овие надлежности, независно од тоа што се истакнува дека во одреден процент има нивно мало зголемување, споредено со претходната година. Притоа, присутните се задржаа на недоволното финансирање на локалните установи од областа на културата, особено во програмскиот дел. Како и на претходниот состанок на Комисијата, и сега, претставниците од локалната власт уште еднаш побараа Министерството за култура да направи сериозна анализа околу утврдувањето на листата на национални културни манифестации поддржани од централната власт, за да се ослободат општините од сериозните издатоци што ги даваат како поддршка при нивната реализација. Остатокот од овие средства да се децентрализира, односно наместо да се објавуваат конкурси за културни проекти кои добиваат финансиска поддршка од Министерството за култура, тие средства, според одредена формула, да им се распределат на општините. Како причина беше наведено дека не се јасни критериумите според кои Министерството за култура одобрува огромни средства за одредени проекти, а проектите што имаат значаен културно-историски печат за општината, не добиваат ниту денар. Беше нагласено дека локалната власт најсоодветно ќе ги распредели добиените средства и на тој начин ќе обезбеди поддршка за поголем број културни проекти и манифестации за граѓаните.

panevojshme dhe kontribuojnë në uljen e përshtatshmërisë së pushtetit lokal në ofrimin e shërbimeve cilësore. Gjithashtu u theksua nevoja për sigurimin e mundësive ligjore që komuna të kryejë disa furnizime publike për shkolla të veçanta, për arsyen më të thjeshtë se në shkolla të caktuara ka mungesë të personelit të licencuar për zbatimin e këtyre procedurave, ndërsa disponon me numër të mjaftueshëm të personave të licencuar. Përfaqësuesit e pushtetit qendror bënë të ditur se janë duke u përgatitur ndryshime ligjore në pjesën e menaxhimit të bllok dotacioneve nga komunat, të cilat në mënyrë indirekte do të sigurojnë ndryshime në procedurat e përcaktuara.

### Debat urgjent për ndërmarrjen e hapave strategjike lidhur me sfidat rreth mungesës së shtëpive për personat e moshuar

Gjatë shqyrtimit të Propozim-Rregullores për metodologjinë për përcaktimin e kritereve për shpërndarjen e bllok dotacioneve për institucionet publike për mbrojtjen sociale – shtëpitë për të moshuarit, përfaqësuesit e pushtetit lokal theksuan nevojën për përkushtim më të madh dhe qasje më serioze ndaj çështjeve për kujdesin e personave të moshuar. Ata theksuan se pushteti qendror, që ka në dispozicion mjetet për infrastrukturë, deri më tani në asnjërën prej komunave nuk ka ndërtuar objekt të ri për këtë dedikim, po ashtu theksohet nevoja e qytetarëve për këtë shërbim. Shtëpitë ekzistuese të të moshuarve nuk janë në gjendje të mirë infrastrukturore, numri i tyre është i pamjaftueshëm dhe gjithnjë e më shumë ka mungesë të stafit adekuat në këto institucione. U theksua se fondet për këtë qëllim duhet të rriten ndjeshëm dhe se është e nevojshme që autoritetet lokale dhe qendrore të diskutojnë urgjentisht nevojën për një zgjidhje strategjike strukturore të kësaj sfide.

### Nevojitet decentralizim më i madh edhe në lëminë e kulturës

Përfaqësuesit e pushtetit lokal theksuan gjithashtu se fondet nga bllok dotacionet nuk janë aspak të mjaftueshme që komunat të mund t'i kryejnë këto përgjegjësi në mënyrë cilësore, pavarësisht se ka një rritje të vogël të tyre në një përqindje të caktuar, krahasuar me një vit më parë. Njëkohësisht, të pranishmit u ndalën në financimin e pamjaftueshëm të institucioneve lokale në fushën e kulturës, veçanërisht në pjesën programore. Si në mbledhjen e mëparshme të këtij Komisioni, edhe tani, përfaqësuesit e pushtetit lokal i kërkuan edhe një herë Ministrisë për kulturë që të bëjë një analizë serioze lidhur me përcaktimin e listës së manifestimeve kulturore nacionale e të mbështetura nga pushteti qendror, për të liruar komunat nga shpenzimet e rënda që u ofrojnë si mbështetje gjatë realizimit të tyre. Pjesa tjetër e këtyre mjeteve duhet të decentralizohet, pra në vend që të shpallen konkurse për projekte kulturore që marrin mbështetje financiare nga Ministria e Kulturës, ato mjete t'u shpërndahen komunave sipas një formule të caktuar. Si arsye u tha se kriteret sipas të cilave MK miraton mjete të mëdha për projekte të caktuara nuk janë të qarta, dhe projektet që kanë vulë të rëndësishme kulturore-historike për komunën nuk marrin asnjë denar. U theksua se fondet e marra nga pushteti lokal do t'i shpërndajë në mënyrën më të përshtatshme dhe në këtë mënyrë do të ofrojë mbështetje për një numër më të madh të projekteve dhe ngjarjeve kulturore për qytetarët.





## СПРОВЕДЕНО ТЕСТИРАЊЕ НА КАНДИДАТИТЕ ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊАТА ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА – „БФЦ СЕЕ ЕВАЛУАТОР“

ЗЕЛС како акредитиран технички секретаријат за нашата земја за Програмата за сертификација на градови и на општини со поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа (БФЦ СЕЕ), на 15 септември 2023 година, во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот организираше тестирање на знаењата на кандидати за стекнување со лиценца за БФЦ СЕЕ евалуатор. Кандидатите го полагаа испитот по електронски пат и имаа можност во период од 150 минути да одговараат на четири сета на прашања, или вкупно 28 прашања. Тестовите беа подготвени од Акредитациското тело на БФЦ СЕЕ стандардот во согласност со четвртата едиција на Програмата. Право на полагање имаа само оние кандидати што претходно ја проследиле дводневната обука што беше организирана во мај, оваа година, исто така, во ЗЕЛС тренинг центарот. Лиценцата на евалуаторот е временски поврзана со важноста на постојната едиција, односно сè до воведување на нови промени  и нивно заокружување во нова едиција.

Заинтересираните општини/градови од нашата земја и од регионот, кои досега не учествувале во Програмата на БФЦ СЕЕ, сè уште имаат можност да се пријават на јавниот повик што поставен на веб-страницата на ЗЕЛС https://zels.org.mk/newsd/5150  сè до исполнувањето на предвидената бројка од 50 градови и општини од сите земји учеснички во Програмата (Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Србија, Хрватска и Црна Гора). Досега од нашата земја се пријавени општините: Валандово и Кочани.

### Улогата на евалуаторот во процесот на сертификација на општината

Улогата на евалуаторот е од големо значење за општината или градот кандидат за стекнување на БФЦ СЕЕ сертификат. Задачата на евалуаторот е да изврши проверка на квалитетот на податоците доставени од општината во прегледот на нумеричките показатели и доставените извори; потоа, при дводневната евалуациска посета на општината со членовите на определениот општински тим да дискутира за сите можности за подобрување на процесите и обезбедување на поквалитетни докази; проверка во подготовката на прелиминарниот и на конечниот евалуациски извештај и потоа во постапката со верификациониот тим. Фокусот пред сè е ставен на спроведување на квалитетна процена на валидноста на доставените податоци, на нивниот интегритет, веродостојност и навременост. Низ соработка и поддршка на општинскиот тим треба да поттикне обезбедување на максимум квалитетни податоци и спроведени постапки од страна на локалната власт, што ќе ѝ донесат сертификација, односно потврда дека ги исполнила утврдените стандарди за да биде дел од  регионалното семејство на БФЦ СЕЕ сертифицирани општини и градови кои се пријателски насочени

## BNJVL REALIZOI TESTIM TË KANDIDATËVE PËR TË KONTROLLUAR NJOHURITË PËR MARRJEN E LICENCËS - "EVALUATOR PËR BFC SEE"

BNJVL, si Sekretariat teknik i akredituar për vendin tonë për Programin për certifikimin e qyteteve dhe komunave me mjedis të favorshëm afarist në Evropën Juglindore (BFC EJL), më 15 shtator 2023, në hapësirat e Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së, organizoi testim të njohurive të kandidatëve për marrjen e licencës për Evaluator për BFC SEE. Kandidatët i'u nënshtruan provimit në mënyrë elektronike dhe patën mundësinë të përgjigjen në katër grupe pyetjesh, ose gjithsej 28 pyetje, në një periudhë prej 150 minutash. Testet u përgatitën nga Trupi Akreditues i standardit BFC SEE në përputhje me edicionin e katërt të Programit. Të drejtë për dhënien e provimit kishin vetëm ata kandidatë të cilët paraprakisht e kishin kaluar trajnimin dyditor që u organizua në maj të këtij viti, po ashtu në qendrën për trajnime të BNJVL-së. Licenca e vlerësuesit lidhet përkohësisht me vlefshmërinë e botimit ekzistues, pra deri në futjen e ndryshimeve të reja dhe rrumbullakimin e tyre në një botim të ri.

Komunat/qytetet e interesuara nga vendi jonë dhe nga rajoni, të cilat akoma nuk kanë marrë pjesë në Programin BFC SEE, kanë ende mundësi të aplikojnë në thirrjen publike të postuar në ueb faqen e BNJVL-së https://zels.org.mk/newsd/5150  derisa të plotësohet numri i pritshëm prej 50 qyteteve dhe komunave nga të gjitha vendet pjesëmarrëse në këtë program (Shqipëria, Bosnja dhe Hercegovina, Kosova, Maqedonia e Veriut, Serbia, Kroacia dhe Mali i Zi). Nga vendi ynë deri më tani janë paraqitur komunat e Vallandovës dhe Koçanit.

### Roli i evaluatorit në procesin e certifikimit të komunave

Roli i evaluatorit është i një rëndësie të madhe për komunën ose qytetin kandidat për marrjen e certifikatës BFC SEE. Detyra e evaluatorit është të kontrollojë cilësinë e të dhënave të ofruara nga komuna në rishikimin e treguesve numerikë dhe burimeve të ofruara; pastaj gjatë vizitës dyditore vlerësuese në vetë komunën, ku përmes një diskutimi me anëtarët e ekipit të caktuar komunal, do të diskutohen të gjitha mundësitë për përmirësimin e proceseve dhe sigurimin e dëshmive më cilësore; në përgatitjen e raportit paraprak dhe përfundimtar të vlerësimit dhe më pas në procedurë me grupin e verifikimit. Fokusi është kryesisht në kryerjen e një vlerësimi cilësor të vlefshmërisë së të dhënave të paraqitura, integritetit, besueshmërisë dhe afatit kohor të tyre. Nëpërmjet bashkëpunimit dhe mbështetjes së ekipit komunal, duhet të nxisë ofrimin e të dhënave maksimale cilësore dhe procedurave të zbatuara nga pushteti vendor, të cilat do të sjellin certifikimin, pra konfirmimin se ka përmbushur standardet e vendosura për të qenë pjesë e familjes rajonale të BFC SEE komunave dhe qyteteve të certifikuara që janë miqësore ndaj mbështetjes dhe bashkëpunimit





за поддршка и соработка со локалната стопанска заедница. Евалуаторите се должни постапката на сертификација да ја вршат непристрасно и објективно.

## Критериуми и методологија за стекнување на БФЦ сертификат на општината /градот

Во новата, четврта едиција на стандарди на БФЦ СЕЕ, утврдени се 10 критериуми со 62 поткритериуми. Според утврдениот систем на оценување, општината мора да исполни најмалку над 50 % од секој од десетте критериуми, а особено да ги исполни сите елиминациски критериуми. Всушност, пред да одлучи да влезе во ваков процес, општината задолжително спроведува самоевалуација за да утврди дали ги исполнува елиминациските критериуми. Во дел од елиминациските критериуми спаѓаат и следните: општината да има именувано службеници или воспоставено организациска единица задолжена за локален економски развој (КЛЕР); да има важечка стратегија за ЛЕР, усвоена од Советот на ЕЛС и таа да е достапна на интернет-страницата; да има формирано економски совет, кој учествува во разгледување на прашања што се однесуваат на деловната заедница и да одржува состаноци најмалку трипати во годината, а предлозите што произлегуваат од состаноците да се земаат предвид при донесувањето на релевантни одлуки на локално ниво; општината да има важечка просторно-планска документација која овозможува издавање на градежни дозволи и други.

Во четвртата едиција новина се и двата последни критериума (9 и 10). За деветтиот се добиваат максимум 15 % бодови и е показател за „нумерички податоци“, односно дека општината е насочена кон собирање на податоци и спроведување на анализи врз кои ги темели своите планови и своето работење. За десеттиот критериум - „иновации и добри примери“ општината може да добие максимум 10 % од вкупните бодови. Всушност, со десеттиот критериум општината треба да ја докаже посветеност кон: воспоставување на брзи и достапни услуги за своите граѓани меѓу кои се: електронските услуги; воспоставување или поттикнување на програми за обуки за стартап и мали претпријатија; воведување иновации во организациските капацитети на ЛЕР; применување на иновативни технолошки решенија што придонесуваат за заштита на животната средина и енергетска ефикасност и други иновации.

## Програмата БФЦ СЕЕ овозможува општината да ги подобри услугите и информираноста на стопанствениците и потенцијалните инвеститори

Сертификацијата на градови и општини со поволно деловно опкружување е единствена програма за подобрување на квалитетот на услугите и информациите што локалните самоуправи во Југоисточна Европа им ги даваат на стопанствениците и потенцијалните инвеститори. Програмата носи привилегии за сите што успешно ќе го завршат процесот и ќе ги исполнат условите за да бидат носители на ова престижно признание, меѓу кои се: позиционирање на мапата на најповолни инвестициски дестинации во Југоисточна Европа; создавање на имиџ на модерна и агилна локална администрација посветена на обезбедување и креирање на квалитетни услуга за стопанствениците и за граѓаните; можности за учество во развојни проекти, студиски посети и регионални иницијативи; размена на знаења со најуспешните градови и општини и други.




me komunitetin e biznesit lokal. Vlerësuesit janë të detyruar të kryejnë procedurën e certifikimit në mënyrë të paanshme dhe objektive.

## Kriteret dhe metodologjia për marrjen e certifikatës BFC për komunën/qytetin

Në edicionin e ri, të katërt të standardeve BFC SEE, janë përcaktuar 10 kritere me 62 nënkritere. Sipas sistemit të vendosur të vlerësimit, komuna duhet të plotësojë të paktën mbi 50% të secilit prej dhjetë kritereve dhe veçanërisht të plotësojë të gjitha kriteret e eliminimit. Në fakt, para se të vendosë të hyjë në një proces të tillë, komuna duhet të bëjë një vetëvlerësim për të përcaktuar nëse i plotëson kriteret e eliminimit. Disa nga kriteret e eliminimit përfshijnë si në vijim: komuna ka emëruar zyrtarë ose ka krijuar një njësi organizative përgjegjëse për zhvillimin ekonomik lokal (ZHEL); të ketë një Strategji të vlefshme për ZHEL, të ketë miratuar nga Këshilli i NJVL dhe të jetë e disponueshme në faqen e internetit; të ketë formuar Këshill Ekonomik, i cili merr pjesë në shqyrtimin e çështjeve që kanë të bëjnë me komunitetin e biznesit dhe të mbajë mbledhje të paktën tre herë në vit, dhe propozimet e dala nga mbledhjet të merren parasysh gjatë marrjes së vendimeve përkatëse në nivel lokal; komuna të ketë dokumentacion të vlefshëm të planifikimit hapësinor që mundëson dhënien e lejeve të ndërtimit dhe të tjera.

Në edicionin e katërt, risi janë dy kriteret e fundit (9 dhe 10). Për të nëntën fitohen maksimumi 15% pikë dhe është tregues i “të dhënave numerike”, pra që komuna është e fokusuar në mbledhjen e të dhënave dhe kryerjen e analizave mbi të cilat do të bazohen planet dhe operacionet e saj. Për kriterin e dhjetë – “risitë dhe praktikat e mira” komuna mund të marrë maksimumi 10% të totalit të pikëve. Në fakt, me kriterin e dhjetë, komuna duhet të dëshmojë përkushtimin e saj për: vendosjen e shërbimeve të shpejta dhe të qasshme për qytetarët e saj, ndër të cilat janë shërbimet elektronike; krijimin ose inkurajimin e programeve të trajnimit për bizneset fillestare dhe ndërmarrjet e vogla; futja e risive në kapacitetet organizative të ZHEL; aplikimi i zgjidhjeve inovative teknologjike që kontribuojnë në mbrojtjen e mjedisit dhe efikasitetin e energjisë dhe inovacione të tjera.

## Programi BFC SEE i mundëson komunës të përmirësojë shërbimet dhe informimin për sipërmarrësit dhe investitorët potencialë

Certifikimi i qyteteve dhe komunave me një mjedis të favorshëm biznesi (BFC SEE) është një program unik për përmirësimin e cilësisë së shërbimeve dhe informacionit që pushtetet lokale në Evropën Juglindore u ofrojnë sipërmarrësve dhe investitorëve potencialë. Ky Program sjell privilegje për të gjithë ata që do të përfundojnë me sukses procesin dhe do të plotësojnë kushtet për të qenë bartës i kësaj mirënjohjeje prestigjioze, ndër të cilat janë: pozicionimi në hartën e destinacioneve më të favorshme të investimeve në Evropën Juglindore; krijimi i një imazhi të një administrate lokale moderne dhe të shkathët të përkushtuar për ofrimin dhe krijimin e shërbimeve cilësore për biznesmenët dhe qytetarët; mundësi për të marrë pjesë në projekte zhvillimore, vizita studimore dhe iniciativa rajonale; shkëmbimi i njohurive me qytetet dhe komunat më të suksesshme dhe të tjera.




## ПОТРЕБНИ СЕ ИНВЕСТИЦИИ ВО ЗЕЛЕНАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ЈАКНЕЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ – ГЛАВНИ ПРЕПОРАКИ ОД ФОРУМОТ ЗА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО НА БЕРЛИНСКИОТ ПРОЦЕС ЗА „КЛИМА И ЗЕЛЕНА АГЕНДА“, ВО СКОПЈЕ

„Инвестиции во зелена инфраструктура“ беше главната тема на јавниот настан на Форумот за граѓанско општество на Берлинскиот процес за „Клима и зелена агенда“, што се одржа на 26 септември, 2023 година во Скопје. Настанот го организираше Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) ОСФ Западен Балкан заедно со Институтот за добро владеење и политики во животната средина и климатските промени – Скопје (IPECC) што ја води тематската работна група за „Клима и зелена агенда“, витална компонента на Берлинскиот процес 2023 година.

При изнесувањето на аспектите на „Доброто владеење во животната средина“, како дел од разработката на главната тема, излагање имаше извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ. Таа во своето обраќање изнесе дека седумдесет проценти од активностите предвидени во европското законодавство за животна средина и зелена енергија треба да бидат имплементирани на локално ниво. Тоа значи потреба од повеќе финансиски средства и од подготвена општинска администрација, како и одлична заемна соработка меѓу локалната и централната власт при усогласување на потребите и можностите за успешна реализација. „За жал, реалноста дава една поинаква слика, а процесот на децентрализација сè посигурно оди во спротивен правец“, нагласи Перишиќ, посочувајќи дека ЗЕЛС секогаш се залага за поголема децентрализација, но со префрлање на надлежности за кои општините ќе добиваат и соодветни финансиски средства, во согласност и со принципите на Европската повелба за локална

## INVESTIME TË NEVOJSHME NË INFRASTRUKTURËN E GJELBËR DHE PËRFORCIMI I KAPACITETEVE ADMINISTRATIVE – REKOMANDIME KRYESORE NGA FORUMI PËR SHOQËRI CIVILE TË PROCESIT TË BERLINIT PËR KLIMË DHE AGJENDË TË GJELBËR, NË SHKUP

„Investime në infrastrukturën e gjelbër” ishte tema e ngjarjes publike të Forumit për shoqëri civile të procesit të Berlinit për Klime dhe Agjendë të gjelbër, që u mbajt më 26 shtator, 2023, në Shkup. Ngjarjen e organizoi Ministria për mjedis jetësor dhe planifikim hapësinor (MMJPH) OSF Ballkani Perëndimor së bashku me Institutin për qeverisje të mirë dhe politika në mjedisin jetësor dhe ndryshimet klimatike – Shkup, që e udhëheq grupin punues tematik për ,,Klimë dhe agjendë të gjelbër”, komponentë vitale e Procesit të Berlinit të vitit 2023.

Gjatë paraqitjes së aspekteve të ,,Qeverisjes së mirë në mjedisin jetësor”, si pjesë e hartimit të temës kryesore, fjalim pati drejtori ekzekutiv i BNJVL-së, Dushica Perishiq. Ajo në fjalimin e saj u deklarua se shtatëdhjetë për qind nga aktivitetet e parashikuara në legjislacionin evropian për mjedis jetësor dhe energji të gjelbër duhet të implementohet në nivel lokal. Kjo nënkupton nevojën për më shumë burime financiare dhe një administratë të përgatitur komunale, si dhe bashkëpunim të shkëlqyer reciprok ndërmjet pushtetit lokal dhe atij qendror në harmonizimin e nevojave dhe mundësive për zbatim të suksesshëm. ,,Fatkeqësisht, realiteti jep një pamje tjetër, dhe procesi i decentralizimit ka më shumë gjasa të shkojë në drejtim të kundërt”, theksoi Perishiq, duke theksuar se BNJVL gjithmonë përpiqet për decentralizim më të madh, por me transferimin e kompetencave për të cilat komunat do t'i marrin edhe burimet e duhura financiare, në përputhje dhe me parimet e Kartës Evropiane të vetëqeverisjes lokale. Ajo theksoi se ka pasur një dozë shprese në vitin 2019, kur BNJVL prezantoi disa propozime

самоуправа. Таа посочи дека доза надеж имаше во 2019 година, кога ЗЕЛС изнесе одредени предлози за реформи во локалната самоуправа, во три правци, и кога почнаа разговори меѓу ЗЕЛС и Владата на РСМ. Преговорите застанаа кога во светот и во нашата земја се појави КОВИД-19. Извршната директорка на ЗЕЛС пред присутните претставници од владите на земјите од Западен Балкан, од Европската Унија, од меѓународните организации, приватниот сектор, граѓанското општество и think thanks организациите говореше и за административните капацитети со кои располага локалната, но и централната власт. Притоа, посочи дека е потребно генерално да се промени концептот на спроведување на обуки за јакнење на капацитетите на администрацијата, бидејќи од досегашното петнаесетгодишно искуство на ЗЕЛС во спроведување обуки за општинската администрација, резултатите не го покажуваат посакуваното ниво. Како најсоодветен концепт, според Перишиќ, е учење и давање поддршка низ текот на работењето, кога службеникот директно учествува во изработката на документите или спроведувањето на постапките каде што му е потребна конкретна поддршка. Теоретската обука се покажува дека не е доволна за подобар успех. Во таа насока ја нагласи и заложбата за спроведување на итни реформи и рационализација на администрацијата, а притоа укажа и на потребата да се имаат предвид бројките кои отсликуваат огромен диспаритет меѓу администрацијата на централно ниво, со околу 130 000 административци и на локално ниво, со едвај 6 000 службеници.

Настанот го отвори министерката за животна средина и просторно планирање на РСМ Каја Шукова, а се обрати и Штефан Худолин, раководител за соработка во Делегацијата на ЕУ, и Алмира Цембула, заменик-министерката за туризам и животна средина на Република Албанија. Министерката Шукова посочи дека до повисоко ниво на усогласување со стандардите и регулативите на Европската Унија може да се стигне само преку зголемени инвестиции во зелената инфраструктура. Всушност, не само за нашата земја, туку и за сите земји од Западен Балкан главните предизвици за постигнување на посакуваното ниво се: недостаток на финансиски средства и несоодветни административни капацитети. „Зелената агенда нуди визија на одржлива и просперитетна иднина, но патот да се стигне дотаму е исполнет со предизвици кои бараат соработка меѓу владите, приватниот сектор и граѓанските организации. Потребите од инвестиции се огромни и ни требаат многу повеќе фондови отколку што имаме“, рече Шукова.

**Документ за политиките за клима и зелена агенда на ЕУ и Западен Балкан**

Од досегашните активности произлезе и документот за политиките за клима и зелена агенда на ЕУ и Западен Балкан (ЗБ6), заедно со препораките за нивно ефикасно и ефективно решавање, кои граѓанските организации ќе ги претстават пред лидерите на ЕУ и лидерите на Западен Балкан, на Самитот на Берлинскиот процес закажан за 16 октомври 2023 година, во Тирана.

„Зелена инфраструктурна инвестиција“ се однесува на инвестиции во проекти што имаат цел да го намалат загадувањето, а вклучуваат и третман на отпадните води, управување со отпад, одржлив транспорт и заштита на природните ресурси. Проценитe, спроведени за потребите за инвестиции за земјите од Западен Балкан, што се однесуваат на Поглавјето 27 - Животна средина и климатски промени, (како целина или за специфичните компоненти на acquis) укажуваат на значителни трошоци. Србија проценила дека ѝ требаат приближно 12 милијарди евра (од 2021 година) за исполнување на барањата во Поглавјето 27. Црна Гора за имплементација на

për reforma në vetëqeverisjen lokale, në tri drejtime dhe kur filluan bisedimet ndërmjet BNJVL-së dhe Qeverisë së RMV, por në botë dhe në vendin tonë, COVID -19 u shfaq dhe gjërat u ndalën. Drejtori ekzekutiv i BNJVL-së foli para të pranishmëve nga qeveritë e shteteve të Ballkanit Perëndimor, nga Bashkimi Evropian, nga organizatat ndërkombëtare, nga sektori privat, nga shoqëria civile dhe organizatat Think Thanks, si dhe për kapacitetet administrative me të cilat disponon pushtetit lokal dhe pushteti qëndror. Në të njëjtën kohë, ajo theksoi se është e nevojshme të ndryshohet koncepti i mbajtjes së trajnimeve për të përforcuar kapacitetet e administratës, sepse nga përvoja pesëmbëdhjetëvjeçare e BNJVL-së në kryerjen e trajnimeve për administratën komunale, rezultatet nuk e tregojnë nivelin e dëshiruar. Koncepti më i përshtatshëm, sipas Perishiq, është të mësuarit dhe ofrimi i mbështetjes gjatë gjithë rrjedhës së punës, kur zyrtari merr pjesë drejtpërdrejt në përgatitjen e dokumenteve apo zbatimin e procedurave ku ka nevojë për mbështetje specifike. Trajnimi teorik rezulton të mos mjaftojë për sukses më të mirë. Në këtë drejtim, ai theksoi edhe përkushtimin për zbatimin e reformave urgjente dhe racionalizimin e administratës, duke vënë në dukje edhe nevojën e marrjes parasysh të shifrave që pasqyrojnë një pabarazi të madhe mes administratës në nivel qendror, me rreth 130 mijë administratorë dhe në nivel lokal, me pothuajse 6000 zyrtarë.

Hapjen e ngjarjes e bëri ministrja për mjedis jetësor dhe planifikim hapësinor të RMV, Kaja Shukova, ndërsa fjalim mbajti edhe Shtefan Hudolin, udhëheqës i Sektorit për operacione nga Delegacioni i BE-së dhe Almira Xhembulla, zëvendës ministre për turizëm dhe mjedis jetësor të Republikës së Shqipërisë. Ministrja Shukova përmendi se në nivel më të lartë të harmonizimit me standardet dhe rregullativën e Bashkimit Evropian mund të arrihet vetëm përmes investimeve të rritura në infrastrukturën e gjelbër. Në të vërtetë jo vetëm për vendin tonë, por edhe për vendet nga Ballkani Perëndimor sfidat kryesore për të arritur nivelin i dëshiruar janë: mungesa e mjeteve financiare dhe kapacitetet administrative - ,,Agjenda e gjelbër ofron vizion dhe ardhmëri me prosperitet, por rruga që të arrihet deri aty është e plotësuar me sfida të cilat kërkojnë bashkëpunim midis qeverive, sektorit privat dhe organizatave civile. Këto sfida janë komplekse dhe kërkojnë aksion për veprim nga të gjitha institucionet kompetente. Nevoja nga investimi është i madh, prandaj n'a nevojiten më shumë fonde këto që disponojmë", theksoi Shukova.

**Dokument për politikat për klimën dhe agjendën e gjelbër të BE-së dhe Ballkani Perëndimor**

Nga aktivitetet e deritanishme rezultoi edhe Dokumenti për politika për klimën dhe agjendën e gjelbër të BE-së dhe Ballkani Perëndimor (PB6) së bashku me rekomandimet për zgjidhjen e tyre efikase dhe efektive, të cilat organizatat civile do t'i paraqesin para liderëve të BE-së dhe para liderëve të Ballkanit Perëndimor, në Samitin e Procesit të Berlinit, të caktuar për 16 tetor, 2023, në Tiranë.

"Investimet e infrastrukturës së gjelbër" i referohen investimeve në projekte që synojnë uljen e ndotjes dhe përfshijnë trajtimin e ujërave të zeza, menaxhimin e mbetjeve, transportin e qëndrueshëm dhe mbrojtjen e burimeve natyrore. Vlerësimet e kryera për nevojat e investimeve për vendet e Ballkanit Perëndimor, të cilat i referohen Kapitullit 27 - mjedisi dhe ndryshimet klimatike, (në tërësi ose për komponentë të veçantë të acquis) tregojnë shpenzime të konsiderueshme. Serbia ka vlerësuar se i duhen rreth 12 miliardë euro (që nga viti 2021) për të përmbushur kërkesat e Kapitullit 27. Për zbatimin e Planit aksional për përmbushjen

Акцискиот план за исполнување на одредниците од Поглавјето 27, за периодот 2021 - 2025 година, проценила дека ѝ се потребни средства од речиси 483 милиони евра. Северна Македонија во 2017 година проценила дека за имплементација на директивите на ЕУ за урбани отпадни води и вода за пиење ќе ѝ бидат потребни 1,2 милијарди евра. Финансиските потреби за истите директиви во Албанија се проценуваат на 3,5 милијарди евра. Неодамнешните извештаи на Европската комисија за сите земји на Западен Балкан посочуваат дека во Поглавјето 27 (под Кластер 4 - Зелена агенда и одржлива поврзаност), нашата земја, Албанија, Црна Гора и Србија имаат одредено ниво на подготовка, додека Босна и Херцеговина (БиХ) и Косово се во рана фаза на подготовка.

Отсуството на расположливи средства за финансирање на зелената инфраструктура е еден од примарните предизвици со кои се соочуваат земјите од Западен Балкан, а предизвикот се надополнува со недоволните и слаби административни капацитети за ефективно искористување на веќе обезбедените фондови на ЕУ. Широката легислатива на ЕУ, која се однесува на животната средина и климатските промени, која дополнително се забрза со Зелениот договор на ЕУ, само го зголемува заостатокот на реформи во земјите од Западен Балкан, а исто така, ја интензивира побарувачката за финансиски средства за ублажување на зголемените фискални притисоци врз националнот буџет за време на процесот на пристапување.

### Дел од содржината на препораките

Препораките се насочени со цел да придонесат за постигнување на клучните цели на Зелената агенда за Западен Балкан, која се потпира на регулаторните реформи во регионот и нивно усогласување со целите на Европскиот зелен договор. Исто така и на релевантните инвестиции као дел од Економско-инвестицискиот план за Западен Балкан кој е имплементиран преку механизмот на Инвестициската рамка за Западен Балкан.

Најзначајна е првата препорака во која е нагласено дека Европската Унија треба дополнително да ја зајакне својата поддршка за земјите од Западен Балкан преку воспоставување механизми за финансирање, изградени на пристапот заснован на солидарност и управување на повеќе нивоа. Инструментот за претпристапна помош покажа одредени ограничувања во забрзувањето на интеграцијата на овие земји и исполнувањето на стандардите на ЕУ. Како важна препорака е нагласена и потребата Европската Унија, земјите од Западен Балкан, меѓународните организации и финансиските институции да работат на воспоставување „Регионален центар на Западен Балкан фокусиран на инфраструктурни проекти" за зајакнување на регионалната соработка преку заедничко планирање и унапредување на имплементацијата на проектот за зелена инфраструктура и привлекување и

e kritereve të Kapitullit 27, për periudhën 2021-2025, Mali i Zi ka vlerësuar se i duhen mjete prej gati 483 milionë euro. Në vitin 2017, Maqedonia e Veriut vlerësoi se do t'i duheshin 1.2 miliardë euro për të zbatuar direktivat e BE-së për ujërat e zeza urbane dhe ujin e pijshëm. Nevojat financiare për të njëjtat direktiva në Shqipëri llogariten në 3.5 miliardë euro. Raportet e fundit të Komisionit Evropian për të gjitha vendet e Ballkanit Perëndimor tregojnë se në Kapitullin 27 - (nën grupin 4 - Agjenda e gjelbër dhe ndërlidhje e qëndrueshme) vendi jonë, Shqipëria, Mali i Zi dhe Serbia kanë një nivel të caktuar përgatitjeje, ndërsa Bosnja dhe Hercegovina (BH) dhe Kosova janë në fazat e hershme të përgatitjes.

Mungesa e mjeteve në dispozicion për financimin e infrastrukturës së gjelbër është një nga sfidat parësore me të cilat përballen vendet e Ballkanit Perëndimor dhe sfida shtohet më tej nga kapacitetet e pamjaftueshme dhe të dobëta administrative për përdorimin efektiv të mjeteve tashmë të siguruara të BE-së. Legjislacioni i gjerë i BE-së që i përkushtohet ndryshimeve klimatike dhe mjedisit jetësor, i cili është përshpejtuar më tej nga Marrëveshja e Gjelbër e BE-së, vetëm sa shton ngarkesën e reformave në vendet e Ballkanit Perëndimor dhe gjithashtu intensifikon kërkesën për burime financiare për të zbutur presionet e shtuara fiskale mbi buxhetet nacionale gjatë procesit të anëtarësimit.

### Një pjesë e përmbajtjes së rekomandimeve:

Rekomandimet synojnë të kontribuojnë në arritjen e objektivave kryesore të Agjendës së Gjelbër për Ballkanin Perëndimor, e cila mbështetet në reformat rregullatore në rajon për të përmbushur objektivat e Marrëveshjes së Gjelbër Evropiane, si dhe investimet përkatëse si pjesë e Planit Ekonomik dhe Planit për Investime për Ballkanin Perëndimor të implementuar përmes mekanizmit të Kornizës së Investimeve për Ballkanin Perëndimor. Më i rëndësishme është rekomandimi i parë në të cilin është theksuar se Bashkimi Evropian duhet të plotësojë përkrahjen e tij të mëtejmë për vendet e Ballkanit Perëndimor përmes themelimit të mekanizmave për financim, të ndërtuara në qasjen e themeluar mbi solidaritetin dhe menaxhimin në shumë nivele. Instrumenti për asistencën e para-anëtarësimit tregoi disa kufizime në përshpejtimin e integrimit të këtyre vendeve dhe përmbushjen e standardeve të BE-së. Si rekomandim i rëndësishëm theksohet nevoja për Bashkimin Evropian, vendet e Ballkanit Perëndimor, organizatat ndërkombëtare dhe institucionet financiare, të punojnë në themelimin e ,,Qendrës rajonale të Ballkanit Perëndimor të fokusuar në projektet infrastrukturore" lidhur me përforcimin e bashkëpunimit rajonal përmes planifikimit të përbashkët dhe avancimi i implementimit të projektit për infrastrukturën





обединување на квалификувани и искусни професионалци од регионот, кои ја имаат потребната стручност и способност. Исто така, како препорака е посочено дека ЕУ и земјите од Западен Балкан треба да обезбедат доволна финансиска и административна поддршка на приватниот сектор во регионот, охрабрувајќи ги да вложуваат постојани напори кон сина и зелена/циркуларна економија. Ова вклучува справување со управувањето со отпад, рециклирање, одржливо производство и ефикасно искористување на ресурсите, како и помагање за комерцијалниот банкарски систем во земјите од Западен Балкан да се усогласи со барањата за животна средина на ЕУ во нивните финансиски услуги. Една од препораките, директно насочена кон владите на овие земји, е да преземат брза акција за да ги подобрат капацитетите на националните и локалните власти на кои им се доверени одговорностите за животната средина и климатските промени.

Дел од препораките се однесуваат и на областа за зголемување на инвестициите во биодиверзитетот и заштитата на природните ресурси, односно за нивно зачувување и за обновување. Земјите од Западен Балкан треба проактивно да ги усогласат своите политики со „Стратегијата на ЕУ за биолошка разновидност за 2030 година - Враќање на природата во нашите животи“ и да се насочат на создавање на кохерентна мрежа на добро управувани заштитени подрачја и за заштита на минимум 30 % од копнената површина во Западен Балкан и 30 % од нивните води (мориња), од кои една третина треба да биде строго заштитена. Ова претставува 10 % од копното на земјите од Западен Балкан и 10 % од нивното море.

Дадена е и препорака ЕУ да обезбеди минимум 30 % од своето финансирање поврзано со климата за земјите од Западен Балкан за да се инвестира во биодиверзитетот и во решенија засновани на природата, со цел да се обезбеди усогласеност со стратегиите и барањата на ЕУ поврзани со Натура 2000 и да се создадат стимулации за локалните власти и жителите да управуваат со руралните области преку имплементација на зелен бизнис, со цел запирање на понатамошната урбанизација и иселување од руралните области. Исто така, треба да се распределат средства за заштита на критично загрозените видови и управување со прекуграничните групи на заштитени подрачја и зелени коридори, обезбедување долгорочна еколошка поврзаност во регионот и воспоставување партнерства помеѓу различни органи и организации одговорни за заштита на природата.

e gjelbër dhe tërheqja dhe sigurimi i profesionistëve me përvojë nga rajoni me profesionalizmin dhe aftësitë e nevojshme. Gjithashtu, si rekomandim, theksohet se BE dhe vendet e Ballkanit Perëndimor duhet të ofrojnë përkrahje të mjaftueshme financiare dhe administrative të sektorit privat në rajon, duke inkurajuar të investojnë përpjekje të vazhdueshme ndaj ekonomisë cirkulare së kaltër dhe ekonomisë së gjelbër. Kjo përfshin adresimin e menaxhimit të mbeturinave, riciklimit, prodhimit të qëndrueshëm dhe efikasitetit të burimeve, si dhe ndihmën e sistemit bankar komercial në vendet e Ballkanit Perëndimor që të pajtohet me kërkesat mjedisore të BE-së në shërbimet e tyre financiare. Një nga rekomandimet i drejtohet drejtpërdrejt qeverive të këtyre vendeve për të ndërmarrë veprime të shpejta për të përmirësuar kapacitetet e autoriteteve kombëtare dhe lokale të cilave u janë besuar përgjegjësitë për mjedisin dhe ndryshimet klimatike.

Një pjesë e rekomandimeve i referohen edhe fushës së rritjes së investimeve në biodiversitet dhe mbrojtjen e burimeve natyrore, respektivisht për ruajtjen dhe përtëritjen e tyre. Vendet e Ballkanit Perëndimor duhet të harmonizojnë në mënyrë proaktive politikat e tyre me "Strategjinë e BE-së për Biodiversitet 2030 - Rikthimi i natyrës në jetën tonë" dhe të synojnë të krijojnë një rrjet koherent të zonave të mbrojtura të menaxhuara mirë dhe të mbrojnë të paktën 30% të sipërfaqes së tokës në Ballkani Perëndimor dhe 30% e ujërave (deteve) të tyre, nga të cilat një e treta duhet të mbrohen rreptësisht. Kjo përfaqëson 10% të tokës së vendeve të Ballkanit Perëndimor dhe 10% të detit të tyre.

Rekomandohet gjithashtu që BE të sigurojë një minimum prej 30% të financimit të saj lidhur me klimën për vendet e Ballkanit Perëndimor për të investuar në biodiversitet dhe zgjidhje të bazuara në natyrë me qëllim sigurimi të harmonizimit me strategjitë dhe kërkesat e BE-së lidhur me Natura 2000 dhe të sigurohen stimulacione për pushtetet lokale dhe banorët të menaxhojnë me zonat rurale përmes implementimit të bizneseve të gjelbra, me qëllim të ndalimit të urbanizimit të mëtejmë dhe shpërnguljes nga zonat rurale. Gjithashtu, duhet të shpërndahen mjete për mbrojtjen e llojeve kritike të rrezikuara dhe menaxhimi me grupet tej-kufitare të zonave të mbrojtura dhe korridoreve të gjelbra, sigurimi i lidhshmërisë afatgjate ekologjike në rajon dhe themelimi i partneriteteve midis organeve të ndryshme dhe organizatave përgjegjëse për mbrojtjen e natyrës.



## ПОДДРШКА НА ЗАЛОЖБИТЕ НА ЗЕЛС ЗА ДЕЦЕНТРАЛИЗИРАЊЕ НА НАДЛЕЖНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА ДАДОА И ОПШТИНСКИТЕ СОВЕТНИЦИ, ЧЛЕНОВИ НА ТЕМАТСКАТА РАБОТНА ГРУПА ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ

Во рамките на проектот „Зајакнување на општинските совети - Фаза 2", на 20 септември 2023 година, беше спроведена работилница за општинските советници кои се членови на Тематската работна група за јавни дејности. На оваа работилница беше презентиран Законот за социјална заштита, при што посебно внимание беше посветено на надлежностите, обврските и активностите што произлегуваат од него, а се однесуваат на единиците на локалната самоуправа. Беа презентирани и неколку примери од општините кои воспоставиле одредени социјални услуги со користење на средства од општинскиот буџет. Учесниците имаа можност да дискутираат за предизвиците со кои се соочува Советот на општината при донесување на политики и одлуки од областа на социјалната заштита. Се говореше за потребите на социјално ранливите групи граѓани за поддршка од државата и од локалната власт и за обезбедување на што поголем број социјални услуги. Стана збор и за соработката на општината со здруженијата на граѓани од оваа област и со институциите од централната власт, а неминовно, се говореше и за улогата и функционирањето на општинските совети за социјална заштита. Од посебно значење е што на работилницата, општинските советници од оваа работна група изразија целосна поддршка на заложбите на ЗЕЛС за децентрализирање на надлежностите во областа на социјалната заштита.

Работилницата се реализираше во рамките на активностите „Редизајнирање на постојните и воспоставување нови модели за соработка и координација помеѓу советниците, градоначалниците и општинската администрација", што се спроведуваат во соработка со ЗЕЛС, како една од партнерските организации на проектот кој во нашата земја го спроведува УНДП.

### Законот за социјална заштита, локалните политики и добрите примери од областа на социјалната заштита - основни теми на двете работни сесии

На првата сесија беа реализирани повеќе теми меѓу кои: Социјална политика и социјална инклузија; Ранливите групи и социјалните

## PËRKRAHJE PËR PËRPJEKJET E BNJVL-SË PËR DECENTRALIZIMIN E KOMPETENCAVE NË MBROJTJEN SOCIALE-DHANË EDHE KËSHILLTARËT KOMUNALË, ANËTARËT E GRUPEVE PUNUESE TEMATIKE PËR VEPRIMTARI PUBLIKE

Në kuadër të Projektit ,,Përforcim i këshillave komunale – faza 2" më 20 shtator u realizua punëtoria për këshilltarët komunalë të cilët janë anëtarë të Grupit punues tematik për veprimtari publike. Në këtë punëtori u prezantua Ligji për mbrojtje sociale, ku vëmendje e veçantë i'u përkushtua kompetencave, obligimeve dhe aktiviteteve që rrodhën nga i njëjti, ndërsa i referohen njësive të vetëqeverisjes lokale. Gjithashtu u prezantuan disa shembuj të komunave që kanë krijuar shërbime të caktuara sociale duke përdorur mjete nga buxheti komunal. Pjesëmarrësit patën mundësinë të diskutojnë mbi sfidat me të cilat ballafaqohet Këshilli i komunës në fushën e miratimit të politikave dhe vendimeve në fushën e mbrojtjes sociale. Ata folën për nevojat e grupeve të rrezikuara sociale të qytetarëve për mbështetje nga shteti dhe pushteti lokal dhe për ofrimin e sa më shumë shërbimeve sociale. Bëhej fjalë edhe për bashkëpunimin e komunës me shoqatat e qytetarëve nga ky rajon dhe me institucionet e pushtetit qendror, si dhe u diskutua pashmangshmërisht për rolin dhe funksionimin e këshillave komunale për mbrojtje sociale. Është me rëndësi të veçantë që në punëtorinë, këshilltarët komunalë nga ky grup punues shprehën mbështetjen e plotë për përpjekjet e BNJVL-së për decentralizimin e përgjegjësive në fushën e mbrojtjes sociale.

Punëtoria u realizua në kuadër të aktiviteteve ,,Ridizajnimi i modeleve ekzistuesve dhe vthemelimi i modeleve të reja e për bashkëpunim dhe koordinim ndërmjet këshilltarëve, kryetarëve të komunave dhe administratës komunale", të cilat realizohen në bashkëpunim me BNJVL-në, si një nga organizatat partnere të projektit, që në vendin tonë e implementon UNDP.

### Ligji për mbrojtjen sociale, politikat lokale dhe praktikat e mira nga lëmia e mbrojtjes sociale, tema kryesore në dy sesionet punuese

Në sesionin e parë u realizuan tema të shumta, ndër të cilat: Politika sociale dhe inkluzioni social; Grupet e ndjeshme dhe



проблеми; Клучна законска регулатива; Законот за социјална заштита и локалните политики за социјална заштита; Систем за социјална заштита; Видови социјални услуги за ранливите групи.

На втората сесија се говореше за: Значењето на политиките и мерките за социјална заштита во општините; Општинскиот совет за социјална заштита и неговите надлежности; Социјален план на општината; Како се собираат податоци потребни за анализа за развој на мерки и политики, при што беа презентирани добри примери од општините: Битола, Струмица, Кавадарци, Велес, Куманово и Аеродром.

### Бројни предизвици на локалната власт во областа на социјалната заштита

Во дискусиите беа нагласени и предизвиците со кои се соочуваат локалните власти при поддршката што ја даваат во областа на социјалната заштита. Обезбедување и ажурирање на податоци и информации за социјалните предизвици на локално ниво, како и за социјално ранливите групи во општината, бидејќи изостануваат поради нивната недоволна утврденост од надлежните институции од централната власт. Беше нагласена и потребата социјалните предизвици да се имплементираат не само во општинската програма за социјална заштита туку и во останатите програми и политики што ги утврдува општината, бидејќи комплетното решавање на овие состојби не може изолирано да се спроведува. Предизвик за најголем број општини е и недостатокот на здруженија на граѓани, кои во партнерство со општината би развивале и спроведувале социјални услуги. Беше нагласена и потребата за воспоставување на соодветна координација и соработка со надлежните институции од централно ниво и со невладиниот сектор за спроведување на заемни активности за креирање и обезбедување на социјални услуги. На работилницата, посебно внимание им беше посветено на активностите на општинскиот Совет за социјална заштита и комуникацијата и споделувањето на информации со Советот на општината.

Во таа насока, членовите на оваа тематска работна група дадоа препорака за целосна поддршка на заложбите на ЗЕЛС за продлабочување на процесот на децентрализација и преземање на одредени надлежности од социјалната заштита, од причина што локалната власт е во најнепосредна корелација со овие групи граѓани. Речиси сите општини од својот буџет трошат сериозна сума на финансиски средства за оваа намена. Исто така, беше нагласено дека е потребно сите општини да ја реализираат законската обврска за формирање на општински совет за социјална заштита и да изработат социјален план. Воедно, од голема важност за граѓаните е да се направат напори за спроведување на одредени социјални услуги преку воспоставување на меѓуопштинска соработка и нивно споделено користење на регионално ниво. Во оваа насока од особена важност е и вклучувањето и поддршката на здруженијата на граѓани од областа на социјалната заштита.

problemet sociale; Rregullativa kryesore ligjore; Ligji për mbrojtjen sociale dhe politikat lokale të mbrojtjes sociale; Sistemi i mbrojtjes sociale; Llojet e shërbimeve sociale për grupet e ndjeshme.

Në seancën e dytë u diskutua për rëndësinë e politikave dhe masave për mbrojtjen sociale në komuna; Këshilli komunal për mbrojtje sociale dhe kompetencat e tij; Plani social i komunës; Si të mblidhen të dhënat e nevojshme për analiza për zhvillimin e masave dhe politikave, gjatë të cilave u prezantuan praktikat e mira nga komunat: Manastir, Strumicë, Kavadar, Veles, Kumanovë dhe Aerodrom.

### Sfida të shumta të pushtetit lokal në lëminë e mbrojtjes sociale

Në diskutime u evidentuan edhe sfidat me të cilat përballen autoritetet vendore në mbështetjen që ofrojnë në fushën e mbrojtjes sociale. Sigurimi dhe përditësimi i të dhënave dhe informacioneve për sfidat sociale në nivel lokal, si dhe për grupet e rrezikuara sociale në komunë, sepse mungojnë, për shkak të përcaktimit të pamjaftueshëm të tyre nga institucionet kompetente të pushtetit qendror. Gjithashtu u theksua nevoja e zbatimit të sfidave sociale jo vetëm në programin komunal për mbrojtje sociale, por edhe në programet dhe politikat tjera të përcaktuara nga komuna, sepse zgjidhja e plotë e këtyre situatave nuk mund të realizohet në mënyrë të izoluar. Sfidë për shumicën e komunave është mungesa e shoqatave civile që do të zhvillonin dhe zbatonin shërbimet sociale në partneritet me komunën. Gjithashtu u theksua nevoja për vendosjen e koordinimit dhe bashkëpunimit të duhur me institucionet kompetente të nivelit qendror dhe sektorin joqeveritar për realizimin e aktiviteteve të ndërsjella për krijimin dhe ofrimin e shërbimeve sociale. Në punëtori vëmendje e veçantë iu kushtua aktiviteteve të këshillit komunal për mbrojtje sociale dhe komunikimit dhe shkëmbimit të informacionit me këshillin komunal.

Në këtë drejtim, anëtarët e këtij grupi punues tematik dhanë rekomandime për përkrahje të plotë të përpjekjeve të BNJVL-së lidhur me thellësimin e procesit të decentralizimit dhe ndërmarrjen e kompetencave të caktuara nga mbrojtja sociale, për arsye që pushteti lokal është në korrelacion më të drejtpërdrejtë me këto grupe civile. Pothuajse të gjitha komunat nga buxheti i tyre shpenzojnë shuma të larta të mjeteve financiare për këtë dedikim, Gjithashtu u përmend edhe nevoja që të gjitha komunat të realizojnë obligim ligjor për formimin e këshillit komunal për mbrojtjen sociale dhe të përpilojnë plan social. Njëkohësisht tejet e rëndësishme për qytetarët është të bëhen përpjekje lidhur me zbatimin e shërbimeve të caktuara sociale përmes themelimit të bashkëpunimit ndër-komunal dhe shfrytëzimin e tyre të ndarë në nivel rajonal. Në këtë drejtim mjaft e rëndësishme është edhe përfshirja dhe përkrahja e shoqatave civile nga kjo lëmi e mbrojtjes sociale.



# КОМАНДИРИТЕ НА НЕКОЛКУ ТЕРИТОРИЈАЛНИ ПРОТИВПОЖАРНИ ЕДИНИЦИ СЕ ЗАПОЗНАА СО НОВИ ИСКУСТВА ЗА БРЗА РЕАКЦИЈА ПРИ КРИЗНИ ПОЈАВИ

Командирите на територијалните противпожарни единици (ТППЕ) на Берово, Дебар, Прилеп и Свети Николе, заедно со еден претставник на локалниот тим за управување со кризи на Општина Куманово, учествуваа на студиската посета на тема: „Локални системи за управување со кризи и противпожарна заштита“. Посетата беше реализирана во организација на ЗЕЛС, во соработка со програмата TAIEX, во периодот од 19 до 23 септември 2023 година, а домаќин беше Противпожарниот сојуз на Дубровничко-неретванскиот Регион, Хрватска. По примерот на хрватските колеги, за целосна подготвеност за справување со катастрофи, македонските учесници изразија надеж дека и кај нас што поскоро ќе се изнајдат начини за набавка на потребната опрема, специјализирани возила, противпожарни возила со хидраулична скала за гаснење пожари во урбани средини, воведување иновативни методи и технологии за сузбивање на различни видови пожари, како и обезбедување на квалитетни обуки за вработените во противпожарните единици

## Вклучувањето на локалната заедница во управувањето со кризи е од исклучителна важност

Целта на посетата беше претставниците од ТППЕ и од општините да се запознаат со механизмите и алатките за брза реакција и управување во ситуација на кризни појави, со посебен акцент на гаснење на пожари. Беа опфатени трите кризни состојби: управување во период пред криза (стабилно време); во ситуација на кризни инциденти и во посткризно закрепнување. Фазите се засноваат на три клучни нивоа: институционални интеракции, оперативна подготвеност и комуникациски стратегии и протоколи. Процесот треба да придонесе за поставување на ефикасен и функционален систем за превенција и рано предупредување од можни катастрофи. Институционалните капацитети подразбираат приспособување кон користењето методи за дефинирање и мапирање на закани од различни катастрофи карактеристични за специфични области и клима, особено во контекст на последиците од климатските промени,

# KOMANDANTËT E DISA NJËSIVE TERRITORIALE ZJARRFIKËSE U INFORMUAN ME PËRVOJAT E REJA PËR REAGIM TË SHPEJTË NË RAST TË PARAQITJES SË KRIZËS

Komandantët njësive territoriale zjarrfikëse (NJTZF) të Berovës, Dibrës Prilepit dhe Sveti Nikoles, së bashku me një përfaqësues të ekipit lokal për menaxhim me krizat në komunën e Kumanovës, morrën pjesë në vizitën studimore me temë ,,Sistemi lokal për menaxhim me kriza dhe mbrojtja nga zjarri”. Vizita u realizua në organizim të BNJVL-së në bashkëpunim me programin TAIEX, në periudhën prej 19 deri më 23 shtator 2023, ndërsa nikoqir ishte Lidhja e zjarrfikësve të Rajonit të Dubrovnik-Neretvës, Kroaci. Pas shembullit të kolegëve kroatë, për gatishmëri të plotë për përballimin e fatkeqësive, pjesëmarrësit nga Maqedonia janë shpresëdhënës se në vendin tonë sa më shpejt do të gjenden mënyra për të siguruar pajisjen e nevojshme, automjete të specializuara, mjete zjarrfikëse me shkallë hidraulike për shuarjen e zjarreve në zonat urbane, vendosjen e metodave dhe teknologjive inovative për shuarjen e llojeve të ndryshme të zjarreve, si dhe ofrimin e trajnimeve cilësore për punonjësit në njësitë zjarrfikëse.

## Përfshirja e bashkësisë lokale në menaxhimin me krizat është tejet e rëndësishme

Qëllimi i vizitës ishte njohja e përfaqësuesve nga NJTZF dhe komunat me mekanizmat dhe mjetet për reagim dhe menaxhim të shpejtë në situata krize, me theks të veçantë në shuarjen e zjarrit. U mbuluan tri situatat e krizës: menaxhimi në periudhën para krizës (kohë stabile); në situatën e incidenteve të krizës dhe në rimëkëmbjen pas krizës. Fazat bazohen në tre nivele kyçe: interaksione institucionale, gatishmëria operacionale dhe strategjitë dhe protokollet e komunikimit. Procesi duhet të kontribuojë në ngritjen e një sistemi efikas dhe funksional për parandalimin dhe paralajmërimin e hershëm të fatkeqësive të mundshme. Kapacitetet institucionale nënkuptojnë përshtatjen me përdorimin e metodave për përcaktimin dhe hartëzimin e kërcënimeve nga fatkeqësitë e ndryshme karakteristike për zona dhe klima specifike, veçanërisht në kontekstin e pasojave të ndryshimeve klimatike, zjarreve në pyje, ndotjes





шумски пожари, загадување на воздухот, здравствени кастарофи/несреќи итн. проследено со унифицирање на системот (централно/локално и вертикално/хоризонтално), спецификација на улогите на субјектите за управување со кризи, односно институционална подреденост во ситуација на криза. Од исклучителна важност е вклучувањето на локалната заедница во управувањето со кризи, за пренесување пораки и инструкции до граѓаните при можни катастрофи. Следствено, севкупниот концепт на засилено управување треба да доведе до подготовка на одржливи и оперативни локални планови за управување со кризи, да се надминат празнините/тесните грла во шемата за управување со кризи и да се зајакнат човечките капацитети и оперативните расположливи средства во системот за управување со кризи.

Во текот на петдневната интензивна програма, домаќините споделија искуства за системот за управување со кризи и воведување на системот за управување со пожари во Република Хрватска, со посебен акцент на регионалното ниво на администрација, презентација на целите и надлежностите на Противпожарниот сојуз на Дубровничко-неретванскиот Регион и проценка на ризик за дубровничко-неретванската област со „пресметан" ризик од пожар. Оперативната поставеност е поткрепена со Програма за ублажување и адаптација на климатски промени на Дубровничко-неретванскиот Регион, детектирани предизвици за заштита од пожари во заштитените подрачја на природата, и организациска поставеност на противпожарната заштита во Стариот град на Дубровник.

### Протоколи за преку-гранично справување со пожари

Командирите на ТППЕ се запознаа со протоколите за преку-гранично справување со пожари што ги спроведуваат домаќините: Протоколи за воздушна интервенција во погранично подрачје; усвоени протоколи за противпожарни активности со Босна и Херцеговина и Црна Гора; поморски протоколи спроведувани од поморските пожарникари. На институционално ниво за преку- гранична координација за гаснење пожари, се воспоставува соработка со сите оперативни сили за цивилна заштита во случај на пожар на границата (противпожарна команда, служба за спасување на планина, Црвен крст и Штаб за цивилна заштита).

### Запознавање на техниките за гаснење при шумски пожари на отворени простори во граничен појас и во национален парк

Во делот на оперативноста, македонските учесници имаа можност да се запознаат со техниките за гаснење при шумски пожари на отворени простори во граничниот појас – Конавле. Тие ја посетија и новоизградената противпожарна станица лоцирана во општината. Спецификите на откривање пожари во национален парк, учесниците добија можност да ги научат преку презентираните предизвици со кои се соочува системот за заштита од пожари во областа на Националниот парк Мљет. Учесниците имаа можност директно да се запознаат со противпожарната техничка опрема и обука на противпожарните сили за сите видови пожари. За таа цел, тие го посетија и новоизградениот Центар за обука за цивилна заштита во Општина Кула Норинска. Еден сегмент од програмата беше посветен и на вклучувањето на локалната заедница преку волонтерски противпожарни единици во случај на инцидент.

së ajrit, katastrofave/aksidenteve shëndetësore, etj. pasuar nga unifikimi i sistemit (qendror/lokal dhe vertikal/horizontal), specifikimi i roleve të subjekteve për menaxhimin e krizave, pra vartësia institucionale në situatë krize. Me rëndësi të jashtëzakonshme është përfshirja e bashkësisë lokale në menaxhimin e krizave, për përcjelljen e mesazheve dhe udhëzimeve tek qytetarët në rast të fatkeqësive të mundshme. Rrjedhimisht, koncepti i përgjithshëm i menaxhimit të përforcuar duhet të çojë në përgatitjen e planeve lokale të menaxhimit të krizave të qëndrueshme dhe operacionale, për të tejkaluar zbrazëtirat/grykat e ngushta në skemën e menaxhimit të krizave dhe për të forcuar kapacitetet njerëzore dhe mjetet e disponueshme operacionale në sistemin e menaxhimit me kriza.

Gjatë programit intensiv pesë-ditor, nikoqirët ndanë përvoja në lidhje me sistemin e menaxhimit të krizave dhe vendosjen e sistemit të menaxhimit të zjarrit në Republikën e Kroacisë, me theks të veçantë në nivelin rajonal të administratës, një prezantim të objektivave dhe kompetencave të Lidhjes së Zjarrfikësve të Rajonit Dubrovnik-Neretva dhe një vlerësim rreziku për Rajonin Dubrovnik-Neretva me një rrezik zjarri ,,të përllogaritur". Vendosja operacionale mbështetet nga Programi për zbutjen dhe përshtatjen e ndryshimeve klimatike të Rajonit Dubrovnik-Neretva, sfidat e zbuluara për mbrojtjen nga zjarri në zonat e mbrojtura të natyrës dhe vendosjen organizative të mbrojtjes nga zjarri në qytetin e vjetër të Dubrovnikut.

### Protokollet për menaxhimin ndërkufitar të zjarrit

Komandantët e NJTZF u njohën me protokollet për menaxhimin ndërkufitar të zjarrit të zbatuara nga nikoqirët: Protokollet e ndërhyrjes ajrore në zonën kufitare; u miratuan protokollet për aktivitetet e shuarjes së zjarrit me Bosnjën dhe Hercegovinën dhe Malin e Zi; protokollet detare të zbatuara nga zjarrfikësit detarë. Në nivel institucional për koordinimin ndërkufitar për shuarjen e zjarreve, vendoset bashkëpunimi me të gjitha forcat operative për mbrojtjen civile në rast zjarri në zonën kufitare (komandë zjarrfikëse, shërbimi i shpëtimit malor, Kryqi i Kuq dhe Shtabi i Mbrojtjes Civile).

### Njohja me teknikat e shuarjes së zjarreve malore në hapësira të hapura në brezin kufitar dhe në parkun nacional

Në pjesën operative, pjesëmarrësit nga Maqedonia e Veriut patën mundësinë të njihen me teknikat e shuarjes së zjarreve malore në hapësirat e hapura në zonën kufitare - Konavle. Ata vizituan edhe stacionin e sapondërtuar të zjarrfikësve që ndodhet në komunë. Specifikat e zbulimit të zjarrit në një park nacional, pjesëmarrësit patën mundësinë të mësojnë përmes sfidave të paraqitura nga sistemi i mbrojtjes nga zjarri në zonën e Parkut nacional Mljet. Pjesëmarrësit patën mundësinë të njihen drejtpërdrejt me pajisjet teknike zjarrfikëse dhe trajnimin e forcave zjarrfikëse për të gjitha llojet e zjarreve. Për këtë qëllim, ata vizituan edhe Qendrën e sapondërtuar të trajnimit për mbrojtje civile në komunën Kulla Norinska. Një segment i programit i'u dedikua edhe përfshirjes së bashkësisë lokale përmes njësive vullnetare zjarrfikësve në rast incidenti.

## ИСКУСТВАТА НА ГРАДОТ БРАТИСЛАВА ВО ГРАДЕЊЕ НА МОДЕРНИ И ОДРЖЛИВИ ГРАДОВИ, КОРИСНИ ЗА ПРЕТСТАВНИЦИТЕ ОД ЛОКАЛНИТЕ САМОУПРАВИ ОД РЕГИОНОТ

Претставници од општини и од здруженија на локалната самоуправа од Северна Македонија, Црна Гора и Косово, заедно со претставници на канцелариите на УНДП од овие три земји и од Србија, во периодот од 24 до 28 септември 2023 реализираа студиска посета на градот Братислава. Од нашата земја учествуваше градоначалникот на Општина Лозово, Бошко Цветковски, двајца претставници од Град Скопје, претставник од Општина Велес и еден претставник од ЗЕЛС. Посетата беше дел од спроведувањето на „Програмата за јавни и приватни финансии за развој", поддржана од Министерството за финансии на Република Словачка, а во организација на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП). Целта е да се поддржи локалната самоуправа во регионот преку воспоставување на партнерство и размена на добри искуства, со фокус на економскиот раст и управувањето со јавните финансии, енергетската ефикасност, зелената економија и зелената енергија, сè во насока на градење на модерни, „паметни" , „зелени" и одржливи градови.

### Стратешко урбано планирање, комунални услуги, јавен превоз, дигитализација на услуги и обновливи извори на енергија - дел од темите при студиската посета

Учесниците имаа можност да се запознаат како градот Братислава решава различни предизвици или услуги во согласност со интензивната урбанизација и примена на актуелните трендови, како и за начинот на целокупното финансиско и стратегиско планирање на градот. Поточно, се запознаа како градот пристапува кон планирање и спроведување на инфраструктурните промени неопходни поради забрзаниот урбан развој на градот (особено во последните десет години), а кој има тенденција на уште поголем напредок, како и со начинот на унапредување на комуналните услуги, меѓу кои особено место има јавниот превоз (електрични автобуси, инфраструктура за




## PËRVOJAT E QYTETIT TË BRATISLAVËS NË NDËRTIMIN E QYTETEVE MODERNE DHE TË QËNDRUESHME, TË DOBISHME PËR PËRFAQËSUESIT E PUSHTETIT LOKAL NË RAJON

Përfaqësuesit e komunave dhe nga shoqatat e vetëqeverisjes lokale nga: Maqedonia e Veriut, Mali i Zi dhe Kosova, së bashku me përfaqësuesit e zyrës së UNDP nga këto tre vende dhe nga Serbia, prej 24 deri më 28 shtator, 2023 realizon vizitë studimore në qytetin e Bratislavës. Nga vendi jonë morrën pjesë kryetari i komunës së Llozovës, Boshko Cvetkovski, dy përfaqësues nga Qyteti i Shkupit, përfaqësues i komunës së Velesit dhe një përfaqësues nga BNJVL-së. Vizita ishte pjesë e zbatimit të ,,Programit për zhvillim të financave publike dhe private", të përkrahur nga Ministria për financa të Republikës së Sllovakisë, ndërsa në organizim të Programit për zhvillim të Kombeve të Bashkuara (UNDP). Qëllimi është të përkrahet vetëqeverisja lokale në rajon përmes themelimit të partneritetit dhe shkëmbimit të përvojave të mira, me fokus në zhvillimin lokal dhe avancimin e financave, efikasitetit energjetik, ekonomisë së gjelbër, në drejtim të ndërtimit të qyteteve moderne, „të zgjuara", „të gjelbra" dhe qytet i qëndrueshëm.

### Planifikimi urbanistik strategjik, shërbimet komunale, transporti publik, digjitalizimi i shërbimeve dhe burimet përtëritëse të energjisë – një pjesë e temave në kuadër të vizitës studimore

Pjesëmarrësit patën mindësi të informohen se si qyteti i Bratislavës zgjidh sfidat e ndryshme ose shërbimet konform urbanizimit intensiv dhe zbatimit të trendëve aktuale, si dhe mënyrën e planifikimit të përgjithshëm financiar dhe strategjik të qytetit. Më konkretisht, ata u njohën se çfarë qasje ka qyteti në planifikimin dhe zbatimin e ndryshimeve infrastrukturore të nevojshme për shkak të zhvillimit të përshpejtuar urban të qytetit (sidomos në dhjetë vitet e fundit), i cili ka një tendencë për progres edhe më të madh, si dhe mënyra e përmirësimit të shërbimeve komunale, ndër të cilat transporti publik zë një vend të veçantë (autobusët elektrikë, infrastruktura e tarifimit, ndërveprimi i



полнење, интеракција на различен начин на транспорт, вклучување на „паметни" решенија..). Исто така, учесниците се запознаа и со организацијата и системите на собирање комунален отпад и негова употреба, што се темели на системот за носење поени што го користат 99 % од домаќинствата. Градот Братислава е единствен акционер на Компанијата за собирање и депонирање на отпад (OLO - Odvoz a likvidácia odpadu). Отпадот се селектира и благодарение на соодветната технологија, Братислава произведува и електрична енергија и топлина што се создава при согорување на отпадот, а се доставува до домаќинствата. Учесниците ја посетија линијата за сортирање на отпадот и котларницата (лоцирани надвор од градот). Беа изнесени и примери на дигитализација на општинските услуги, потоа користење на зелена енергија, особено искористувањето на сончевата енергија од страна на градската управа, јавните установи, но и комерцијалните и приватните објекти и згради, како и со стратегиските пристапи и рационалното буџетирање.

**Новоформираниот Сервисен центар на градот треба да обезбеди рационализација на буџетски средства, оптимизација на административен кадар и обезбедување на квалитетни услуги**

Претставниците од локалните самоуправи од трите земји имаа можност да ги слушнат искуствата и научените лекции на градот од новоформираниот Сервисен центар, чија цел е да обезбеди поголема ефикасност и транспарентност на услугите. Градот управува со повеќе од 40 градски организации (театри, уметнички училишта старечки домови, ЗОО.....) па оттаму првенствено е направена анализа врз основа на која е утврдена потребата за ваквата организациска единица. Целта е да обезбеди ефективна и економична употреба на средствата од буџетот на Братислава и оптимизирање на процесите и услугите за градските организации во набавките; комуникација и маркетинг; управување со човечки ресурси; ИТ услуги; техничко одржување на објектите; обезбедување на советодавни и консултантски услуги...

Запознавањето со улогата и активностите на Метрополитниот институт – Братислава, беше дел од агендата на студиската посета. Станува збор за концептуален институт од областа на архитектурата, урбанизмот и стратешкото планирање на Братислава. Составен е од тим на професионалци во овие области кои планираат раст и развој на градот во услови на општествени и еколошки промени, а во насока на зголемување на квалитетот на животот и квалитетот на јавниот простор во градот.

mënyrave të ndryshme të transportit, përfshirja e zgjidhjeve ,,të mençura"...). Gjithashtu, pjesëmarrësit u informuan edhe me organizimin dhe sistemet e grumbullimit të mbeturinave komunale dhe përdorimin e tyre, i cili bazohet në një sistem për bartjen e pikëve që përdoret nga 99% e amvisërive. Qyteti i Bratislavës është aksionari i vetëm i Kompanisë së mbledhjes dhe deponimit të mbeturinave (OLO - Odvoz a likvidácia odpadu). Mbeturinat selektohen dhe falë teknologjisë adekuate, Bratislava prodhon edhe energji elektrike dhe energji për ngrohje që krijohet gjatë djegies së mbeturinave, ndërsa përçohet te amvisëritë. Pjesëmarrësit vizituan linjën e ndarjes së mbetjeve dhe kazanin (që ndodhet jashtë qytetit). U prezantuan shembuj të dixhitalizimit të shërbimeve komunale, pastaj shfrytëzimit të energjisë së gjelbër, veçanërisht shfrytëzimit të energjisë diellore nga administrata e qytetit, institucionet publike, por edhe objektet dhe ndërtesat komerciale dhe private, si dhe qasjet strategjike dhe buxhetimi racional.

**Qendra e sapo formuar për ofrim të shërbimeve në kuadër të qytetit, duhet të sigurojë racionalizimin e mjeteve buxhetore, optimizimin e kuadrit administrativ dhe sigurimin e shërbimeve cilësore**

Përfaqësuesit e vetëqeverisjes lokale nga tre vendet patën mundësi të dëgjojnë përvoja dhe mësimet e mësuara të qytetit lidhur me Qendrën e sapo formuar për ofrim të shërbimeve, qëllimi i së cilës është të sigurojë efikasitet më të madh dhe transparencë të shërbimeve. Qyteti menaxhon më shumë se 40 organizata të qytetit (teatro, shkolla artistike, shtëpi për të moshuarit, kopshte zoologjike, etj.), kështu që nga atje u bë fillimisht një analizë, mbi bazën e së cilës u përcaktua nevoja për një njësi të tillë organizative. Qëllimi është të sigurohet përdorimi efektiv dhe ekonomik i fondeve nga buxheti i Bratislavës dhe optimizimi i proceseve dhe shërbimeve për organizatat e qytetit gjatë furnizimeve; komunikimi dhe marketingu; Menaxhimi i Burimeve Njerëzore; shërbimet e TI-së; mirëmbajtja teknike e objekteve; ofrimi i shërbimeve këshilluese dhe konsulente...

Njohja me rolin dhe aktivitetet e Institutit Metropolitan - Bratislavë ishte pjesë e agjendës së vizitës studimore. Bëhet fjalë për një institut konceptual në fushën e arkitekturës, urbanizmit dhe planifikimit strategjik të Bratislavës. Ai përbëhet nga një ekip profesionistësh të këtyre fushave që planifikojnë rritjen dhe zhvillimin e qytetit në kushtet e ndryshimeve sociale dhe mjedisore, dhe në drejtim të rritjes së cilësisë së jetës dhe cilësisë së hapësirës publike në qytet.






Од тимот за иновации и дигитални услуги на Братислава, учесниците на студиското патување се запознаа со пристапот кон дигиталната трансформација во Братислава, а добија и соодветни информации за структурата на градскиот транспорт и плановите за негов развој, особено во за модернизацијата на јавниот превоз. Транспортната компанија Братислава е во 100 % сопственост на главниот град на Словачка, оперира со тролејбуси, автобуси и трамваи и е единствениот снабдувач на јавен превоз на територијата на градот.

Nga ekipi për inovacione dhe shërbime digjitale të Bratislavës, pjesëmarrësit në vizitën studimore u informuan me qasjen drejt digjitalizimit të qytetit të Bratislavës, ndërsa u informuan edhe mbi strukturën dhe transportin e qytetit dhe planet për zhvillimin e qytetit, veçanërisht në pjesën e modernizimit të transportit publik. Kompania për transport e Bratislavës është 100% në pronësi të kryeqytetit të Sllovakisë, operon me trolejbusë, autobusë dhe tramvaje dhe është furnizues i transportit publik në territorin e qytetit.

## ДАДЕНО ВЕТУВАЊЕ ДЕКА ВО РЕБАЛАНСОТ НА БУЏЕТОТ ЌЕ СЕ ОБЕЗБЕДАТ 60 МИЛИОНИ ДЕНАРИ ЗА ПОЖАРНИКАРИТЕ

На 28 септември 2023 година, ЗЕЛС достави Барање до претседателот на Собранието на РСМ, Талат Џафери и до сите координатори на пратеничките групи во Собранието на РСМ сериозно да ја разгледаат сложеноста на состојбите поврзани со противпожарната заштита, која преку територијалните противпожарни единици е во надлежност на единиците на локалната самоуправа. Поточно, беше побарано во рамките на собраниската постапка за ребаланс на Буџетот на Републиката, да се заложат за обезбедување на доволно средства за редовно финансирање на оваа надлежност на локалната самоуправа, особено да се предвидат и потребните средства за покачувањето на платите на пожарникарите, што е изоставено во оваа наменска дотација. Во Барањето, беше презентирана анализата што ја изработи ЗЕЛС, а која ги отсликува состојбите на сериозен недостаток на средства, што преку наменската дотација од Буџетот на Републиката се пренесува на оние општини во кои се основани територијалните противпожарни единици.

### Претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, имаше средба со министерот за финансии, Фатмир Бесими

По тој повод, а особено што беше забележано дека во новиот ребаланс на Буџетот на Републиката не се обезбедени соодветни финансиски средства во наменската дотација за противпожарните служби, делегацијата на ЗЕЛС, предводена од претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, истиот ден, оствари средба со министерот за финансии на РСМ, Фатмир Бесими и со заменик-министерот за финансии, Филип Николоски. На средбата присуствуваше и претседателот на Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на РСМ, Бојан Стојаноски.

Претседателот Ѓорѓиевски ги информираше присутните претставници од централната власт за поднесеното Барање до Собранието на РСМ и за неговата содржина, но притоа ја нагласи алармантната состојба во општините дека не ќе можат да го исплатат покачувањето на платите на пожарникарите во септември, за 10 % (според последната одлука на Владата на РСМ за покачување на платите на администрацијата) бидејќи за тоа не добиле соодветни средства со наменската дотацијата. Министерот за финансии се согласи со направениот превид и гарантираше дека потребните средства во висина од 30 милиони денари ќе бидат додадени во оваа наменска дотација.

Како што посочија претставниците од ЗЕЛС, овие средства не се доволни за да се апсолвира целиот предизвик, бидејќи поради долгогодишното необезбедување на согласности за вработување на пожарникари, од страна на Министерството за финансии, општините, за голем дел од потребните нови вработувања на пожарникари (да го задоволат законски

## PREMTIM SE ME REBALANCIN E BUXHETIT DO TË SIGUROHEN 60 MILION DENARË PËR ZJARRFIKSAT

Më 28 shtator, 2023, BNJVL dërgoi Kërkesë drejtuar kryetarit të Kuvendit të RMV, Talat Xhaferi dhe të gjithë koordinatorëve të grupeve parlamentare në Kuvendin e RMV seriozisht të shqyrtojnë gjendjet e ndërlikuara lidhur me lëminë e mbrojtjes nga zjarri, që përmes njësive territoriale zjarrfikëse është në kompetencë të pushtetit lokal. Më saktë, u kërkua që në kuadër të procedurës parlamentare për rebalanc të Buxhetit të Republikës, të synojnë sigurimin e mjeteve të mjaftueshme për financim të rregullt të kësaj kompetence të vetëqeverisjes lokale, veçanërisht që të parashikohen edhe mjetet e nevojshme për rritjen e pagave të zjarrfikësve, që është lënë anash në këtë dotacion të dedikuar. Në kërkesën në fjalë u prezantua analiza që e përpiloi BNJVL, e cila pasqyron gjendjet e mungesës serioze të mjeteve, që përmes dotacionit me dedikim nga Buxheti i Republikës i transferohet atyre komunave në të cilat janë themeluar njësitë territoriale zjarrfikëse.

### Kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski pati takim me ministrin për financa, Fatmir Besimi

Me këtë rast, ndërsa veçanërisht që u vërejt se në rebalancin e ri të buxhetit të Republikës nuk janë siguruar mjete adekuate financiare në dotacionin me dedikim për njësitë zjarrfikëse, delegacioni i BNJVL-së i udhëhequr nga kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski të njëjtën ditë, realizoi takim me Ministrin për financa të RMV, Fatmir Besimi dhe me zëvendës ministrin për financa, Filip Nikoloski. Në takim morri pjesë edhe kryetari i Komisionit për financim dhe buxhet të Kuvendit të RMV, Bojan Stojanoski.

Kryetari Gjorgjievski i njoftoi përfaqësuesit e pushtetit qendror për kërkesën e dorëzuar në Kuvendin e RMV dhe përmbajtjen e saj, por theksoi gjendjen alarmante në komuna se nuk do të mund ta paguajnë rritjen e pagave të zjarrfikësve në shtator deri më 10 % (sipas vendimit të fundit të Qeverisë së RMV për ngritjen e pagave të administratës) sepse nuk kanë marrë mjete adekuate për këtë me subvencionimin e dedikuar. Ministri i Financave u pajtua me rishikimin dhe garantoi se këtij dotacioni të dedikuar do t'i shtohen mjetet e nevojshme në vlerë prej 30 milionë denarë.

Siç theksuan përfaqësuesit e BNJVL-së, këto mjete nuk janë të mjaftueshme për të përballuar gjithë sfidën, sepse për shkak të mosdhënies afatgjatë të pëlqimeve për punësimin e zjarrfikësve, nga ana e Ministrisë për financa, komunat për një pjesë të madhe të punësimeve të reja të nevojshme të zjarrfikësve (që të plotësojnë numrin e përcaktuar me ligj të zjarrfikësve sipas numrit




утврдениот број на пожарникари според бројот на население и за вработување на местото на оние што одат во пензија и слично) исплаќаат средства за нивните плати од општинскиот буџет. Тоа значи дека во септември, општините треба да обезбедат дополнителни средства од општинскиот буџет за десет процентното зголемување на платите и на овие пожарникари што не се опфатени воопшто во наменската дотација. Министерот се согласи да обезбеди дополнителни 30 милиони денари што треба да послужат за исплата на покачувањето и на овие пожарникари. Но, претставниците од ЗЕЛС укажаа дека немаат законска основа како да ги земат овие средства од наменската дотација доколку не добијат согласност за вработување на овие кадри.

**Од следната година, според измените во Законот за буџети, општините нема да бараат согласност за вработување во сите децентрализирани надлежности**

Беше договорено ЗЕЛС, во најкус рок, да направи дополнителна анализа на бројот на вработени пожарникари за кои Министерството за финансии издало согласност и на бројот на вработени пожарникари, за кои не е дадена согласност досега и да се доставаат до Министерството за финансии. Притоа, министерот за финансии, Фатмир Бесими, ги информираше присутните дека од 1 јануари 2024 година, со измените во Законот за буџети, повеќе нема да се даваат согласности за вработување од МФ, туку општините ќе одлучуваат самостојно при вработувањето на нови лица во сите децентрализирани надлежности.

**Дел од содржината на Барањето што ЗЕЛС го достави до Собранието на РСМ**

Со оглед на сложеноста на состојбите во кои се наоѓаат територијалните противпожарни единици (ТППЕ), а со тоа и општините во чија организациска структура тие влегуваат, ЗЕЛС формираше ад-хок работна група составена од 5 градоначалници. Работната група изврши анализа на собраните податоци од општините за состојбите во ТППЕ, утврди предлог – заклучоци и истите беа усвоени од Генералното Собрание на ЗЕЛС. Согласно наодите, ЗЕЛС се

të popullsisë dhe për punësim në vend të atyre që dalin në pension etj.) paguajnë mjete për pagat e tyre nga buxheti i komunës. Kjo do të thotë se në muajin shtator komunat duhet të sigurojnë mjete shtesë nga buxheti komunal për rritjen e pagave dhjetë për qind për këta zjarrfikës që nuk janë të përfshirë në subvencionimin e dedikuar. Ministri u pajtua që të sigurojë 30 milionë denarë shtesë, të cilat do të përdoren për pagesën e rritjes së pagave për këta zjarrfikës. Por, përfaqësuesit e BNJVL-së theksuan se nuk kanë bazë ligjore t'i marrin këto mjete nga subvencioni i dedikuar nëse nuk marrin pajtueshmëri për punësimin e këtyre kuadrove.

**Nga viti i ardhshëm, sipas ndryshimeve në Ligjin për buxhetet komunale nuk do të kërkojnë pajtueshmëri për punësim në të gjitha kompetencat e decentralizuara**

U dakorduan që BNJVL në afat sa më të shkurtër të bëjë analizë plotësuese të numrit të zjarrfikësve të punësuar për të cilët Ministria për financa ka dhënë pajtueshmëri dhe të numrit të zjarrfikësve të çanësuar për të cilët nuk është dhënë pajtueshmëri deri më tani dhe të njëjtat të dërgohen në Ministrinë për financa. Pastaj Ministri për financa, Fatmir Besimi i informoi të pranishmit se deri më 1 janar, 2024 me ndryshmet në Ligjin për buxhete, nuk do të jepen më pajtueshmëri për punësim nga ana e MF, por komunat do të vendosin në mënyrë të pavarur gjatë punësimit të personave të ri në të gjitha kompetencat e decentralizuara.

**Një pjesë e përmbajtjes së Kërkesës që BNJVL e dërgoi në Kuvendin e RMV**

Duke pasur parasysh kompleksitetin e situatave në të cilat gjenden njësitë territoriale të zjarrfikësve (NJTZF) dhe me këtë edhe komunat në strukturën organizative të të cilave hyjnë, BNJVL formoi një grup punues ad hoc i përbërë nga 5 kryetarë komunash. Grupi punues i analizoi të dhënat e mbledhura nga komunat për gjendjen në NJTZF dhe përcaktoi propozim-konkluzionet që u miratuan nga Kuvendi Gjeneral i BNJVL-së. Sipas konstatimeve, BNJVL i drejtohet

обраќа до Собрание на РСМ како законодавен орган и бара да ја земе во предвид дискрепанцата во финансирањето на оваа надлежност, која преку наменска дотација од буџетот на Републиката се пренесува на општините во кои се основани територијалните противпожарни единици. ЗЕЛС претходно, во неколку наврати, се обрати и до Владата на РСМ и до Министерството за одбрана, но немаше никакви позитивни померувања. Анализата покажа дека во поголем број од овие општини финансирањето на оваа надлежност од буџетот на општини достигнува до речиси 70% од вкупните годишни расходи за конкретната надлежност (само 30% се надоместени преку наменската дотација), додека во одредени општини воопшто нема финансирање од буџетот на општината, па дури и средствата од наменската дотација од Републиката не се искористуваат во целост.

Како второто ургентно прашање е застарениот возен парк на ТППЕ и недостаток на опрема. Возилата се недоволни и неадекватни, а што се користат, во огромен процент, се крајно дотрајани, па општините се снаоѓаат преку донации, но и тие возила се застарени. Опремата, која во согласност со Закон се набавува со буџетски средства, преку надлежните органи (пр. Дирекција за заштита и спасување) е несоодветна и се распределува без обезбедена претходна анализа на спецификите на подрачјето кое го покрива определена противпожарна единица. Па така, забележан е случај каде во една општина се доделени три нови возила кои воопшто не одговараат на конфигурацијата на теренот.

Следно прашање кое исто така има приоритетен карактер е прашањето за надомест на трошоците за извршени интервенции на подрачјето на соседните општини на општината каде е воспоставена ТППЕ. Направените трошоци најчесто никој не ги надоместува, ниту постои методологија за утврдување на висината на овие трошоци што би ја користеле сите општини. Без надомест се и интервенциите што ги прават ТППЕ на отворен простор, како шуми, пасишта и слично, а во согласност со прописите и субјектите кои управуваат со истите би требало тие да имаат воспоставено противпожарни служби или, доколку немаат, да учествуваат во надомест на расходите кои настануваат по овој основ. За сето ова всушност трошоците ги покрива општината во која е воспоставена ТППЕ и тоа од сопствениот буџет.

Во писмото се нагласува дека системот на противпожарна заштита е составен дел од системот на заштита и спасување кој се воедначува со нормите и стандардите утврдени во земјите членки на НАТО, па не е реално оваа клучна надлежност да биде оставена на капацитетот, финансиската моќ и расположливите средства на секоја општина поединечно, особено ако се има во предвид дека станува збор и за јавен интерес и надлежност од приоритетно значење. Беше посочено дека ЗЕЛС е во тек и активно учествува во изработката на предлог - текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за пожарникарството, но Републиката мора да води сметка за оваа надлежност по функција.

Во Барањето беше нагласено дека ЗЕЛС генерално се залага за утврдување на реален износ на средства во буџетот на Републиката, односно за обезбедување на соодветен износ на трансфери по основ на блок и на наменски дотации за сите децентрализирани надлежности на локално ниво. Години наназад средствата од блок дотациите за образование, за социјална заштита, за култура, како и за други области не се воопшто доволни за спроведување на овие услуги, а општините не добиваат ниту средства за спорт, за финансирање на изработка на урбанистички планови, а не се обезбедуваат ниту законски предвидените средства за рамномерен регионален развој.

Kuvendit të RMV si organ ligjvënës dhe kërkon që të merret parasysh mospërputhja në financimin e këtij autoriteti, i cili transferohet përmes dotatcionit të dedikuar nga buxheti i Republikës në komunat në territorin e të cilave krijohen njësitë e zjarrfikësve. BNJVL edhe më herët në disa raste i është drejtuar Qeverisë së RMV dhe Ministrisë së mbrojtjes, por nuk ka pasur përgjigje pozitive. Nga analiza rezultoi se në një numër të madh të këtyre komunave financimi i kësaj kompetence nga buxheti komunal arrin pothuajse 70% të totalit të shpenzimeve vjetore për kompetencën specifike (vetëm 30% kompensohet përmes dotacionit të dedikuar), ndërsa në komuna të caktuara, nuk ka fare financim nga buxheti i komunës, madje as fondet nga dotacioni i dedikuar nga Republika nuk shfrytëzohen plotësisht. Çështja e dytë urgjente është vend parkimi i vjetruar i NJTZF dhe mungesa e pajisjeve. Automjetet janë të pamjaftueshme dhe të joadekuate dhe ato të përdorura, në një përqindje të madhe, janë jashtëzakonisht të vjetruara, kështu që komunat i'a dalin përmes donacioneve, por edhe ato automjete janë të vjetruara. Pajisjet, të cilat në përputhje me ligjin janë blerë me mjete buxhetore, përmes organeve kompetente (p.sh. Drejtoria për Mbrojtje dhe Shpëtim), janë të pamjaftueshme dhe shpërndahen pa bërë analiza paraprake të specifikave të zonës që mbulon një zjarrfikës njësi territoriale të caktuar. Pra, është vërejtur një rast kur në një komunë janë caktuar tre automjete të reja që nuk i përgjigjen fare konfiguracionit të terrenit. Çështja tjetër, e cila gjithashtu ka karakter prioritar, është çështja e kompensimit të shërbimeve për ndërhyrjet e kryera në zonën e komunave fqinje të komunës ku është ngritur NJTZF. Në shumicën e rasteve askush nuk i kompenson shpenzimet e bëra dhe as nuk ekziston një metodologji për përcaktimin e shumës së këtyre shpenzimeve, e cila do të përdorej nga të gjitha komunat. Pa kompensim janë edhe ndërhyrjet e kryera nga NJTZF në hapësira të hapura si pyje, kullota etj., të cilat në përputhje me rregulloret dhe subjektet që i menaxhojnë ato duhet të kenë ngritur shërbime zjarrfikëse ose nëse nuk kanë ata, marrin pjesë në kompensimin e shpenzimeve që lindin mbi këtë bazë. Për të gjitha këto të lartpërmendurat, në fakt shpenzimet i mbulon komuna në të cilën është ngritur NJTZF, nga buxheti i saj. Në shkresë theksohet se sistemi i mbrojtjes nga zjarri është pjesë përbërëse e sistemit të mbrojtjes dhe shpëtimit që është i barabartë me normat dhe standardet e vendosura në vendet anëtare të NATO-s, ndaj nuk është realiste t'i lihet kjo kompetencë kyçe kapacitetit, fuqisë financiare dhe disponueshmërisë së fondeve të secilës komunë veç e veç nëse merret parasysh se është edhe çështje e interesit publik dhe kompetencës me rëndësi prioritare. U theksua se BNJVL është në progres dhe merr pjesë aktive në përgatitjen e propozim-tekstit të Ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për zjarrfikës, por Republika duhet të ketë parasysh këtë kompetencë sipas funksionit.

Në Kërkesë theksohej se BNJVL në përgjithësi synon përcaktimin e një sasie reale të mjeteve në buxhetin e Republikës, gjegjësisht për sigurimin e sasisë adekuate të transfereve në bazë të bllok dotacioneve dhe dotacioneve të dedikuara për të gjitha autoritetet e decentralizuara në nivel lokal. Vite më parë, mjetet nga bllok dotacionet për arsim, për mbrojtjen sociale, për kulturë, si dhe për fusha të tjera nuk janë aspak të mjaftueshme për realizimin e këtyre shërbimeve dhe komunat nuk marrin as fonde për sport, për financim të përpilimit të planeve urbanistike, ndërsa nuk sigurohen as mjetet e parashikuara me ligj për zhvillim të barabartë rajonal.

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT




**КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ**
тел. +389 (0)2 30 99 033 | факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. "Копенхагенска" бр. 5, п. фах 32, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk

**INFORMACIONE PËR KONTAKT:**
tel. +389 (0)2 30 99 033 | faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. "Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk